# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на27 февруари 2001 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала I, со почеток во 13,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да продолжиме со работа.

Ако и по третата опомена не влезете во салата, тогаш ќе ја прекинам седницата.

Имаме потребен број на присутни пратеници.

Продолжуваме со работа.

Ја повикувам Шеќеринска, ако е присутна да се јави за збор.

(Не е тука).

Дали ваши сега договорот за смена.

Збор има господинот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не очекував дека толку брзо ќе поминат претходните пратеници. Во моментов се откажувам од дискусијата, но го задржувам правото во текот на целата расправа, повторно да се јавам. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Александар Талевски?

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани дами и господа пратеници.

Ако не се лажам, Коалицијата за промени во овој малку подизменет состав е на власт две години и два или три месеци. Тоа е половина од мандатот што оваа коалиција го доби на легитимните избори со убедлива победа на над својата политичка конкуренција, која стои, како што ни е познато, но претходно владееше осум години во овој повеќепартиски систем и 45 години во претходниот, односно нивниот политички систем. Или, вкупно, тоа се 53 години. 53 години на власт. Секој ќе се сложи дека кога една партија е повеќе од пола век на власт дека е тоа страшно долг период, во кој покрај меморијата и некои други работи се губи и смислата за реалност, а камо ли за глумење на опозицијаа. Мислам дека на нашата опозиција и се случува токму тоа. Таа ја има изгубено смислата за реалност или за објективна проценка на својата улога како партија која треба точно да си го знае точно своето место на политичката сцена во политиката, односно во државата. Нашата опозиција се однесува повеќе од хистерично. Таа просто не може да сфати дека во овој , како за нив нов и непознат политички систем постојат правила според кои некој е на власт, а некој е во опозиција, односно некој што бил на власт цели 50 и кусур години и ја водел државата така како што ја водел и за тоа добил оценка на изборите. Редно е еднаш да отиде во опозиција и да се одмори и сите нас да не одмори од себе. Тој што е во опозиција требаа да ја чека вистинската шанса. А тоа обично се случува на редовни избори, за да го заземе местото на позицијата. Иако има, се разбира и исклучоци кога на власт се доаѓа и на друг начин.

Јас можам да разберам дека секоја опозиција има задача да се обиде да го скрати редовниот мандат на партијата или на партиите на власт. Тоа е нејзино легитимно право и во тој факт нема ништо спорно. Меѓутоа спорно е тоа што Социјалдемократскиот сојуз во овој период од две години и два-три месеци се обидува буквално да ја сруши власта на илјада и еден начин. Не знам дали некој се занимавал со тој вид на математика и статистика, но јас сум убеден дека во светски рамки не постои мандат на оваа партија. Сличен пример на политичка партија во опозиција која во толку краток рок искажала толкава количина на желба, просто на хистерија и нестрпливост за да дојде на власт. Само да се потсетиме што се не употребуваше, кои се средства не беа ставени во употреба, какви се сили не беа искористени за да се сруши оваа Влада и повторно да се дојде на власт, божем ќе се владее уште 53 години. Просто човек да се чуди и да не верувам во тоа што го прави Социјал-демокраскиот сојуз. И што се случува сега. Откако пропаднаа сите десетина обиди кои ги направи во изминативе две години, сега на сцена се води и се употребува една или еден од најплавите трикови за кои веројатно е проценето дека ќе донесе кончен успех во безглавниот јуриш за власт. Конструирана е аферата прислушување. Јас се сложувам со сите оние кои оваа афера ја оценија како преседан, како случај кој покажува до каде можат да бидат загрозени човековите права и слободи во државата, дека е тоа удар на демократијата итн.

Меѓутоа, не можам да се сложам со опозицијата која тврди без докази дека зад оваа афера како нејзин креатор стои министерот за внатрешни работи, или премиерот или Владата. Дека врз основа на оние стенограми може да се побара оставка на Владата. Колку можам да се сетам и имаше изјави во јавноста на угледни професори по кривично право од кои некои дури се партнери на опозицијата каде што сосема јасно кажаа дека во една правна држава треба да се спроведе правна процедура за да се разреши спорниот случај. А тоа значи Јавното обвинителство, истражните органи и судството треба да се вклучат и да донесат разрешница на аферата прислушување. Тоа е единствениот можен начин преку кој може да се постигне посакуваната цел. А тоа е заштитата на интегритетот, на безбедносниот систем, на правниот поредок и на угледот на државата. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам колега Александар.

Збор има Делче Ицков.

**ДЕЛЧЕ ИЦКОВ:**

Почитуван потпретседател, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Се кажа многу околу аферата прислушување, така што и едно мое видување по однос на оваа афера јас ќе изложам. Ќе почнам со онака како и почнав. Господинот Бранко Црвенковски излезе и кажа дека има материјали за прислушување, јасно и децидно дека тоа се 10% материјалите од тие што ги поседуваат, а 90% се уште ги немаат објавено и навистина се уште ги немаат објавено.

Стојан Андов, претседателот на Собранието поведе постапка иако имаше реакции, многу исправна по мене, со тоа што целата иницијатива која ја покрена СДСМ ја стави во процедура во Собранието, при што Комисијата надлежна за контрола на ДБК и Агенцијата за разузнавање доби задача по однос на целиот овој случај да превземе свои активности. Ја како член на таа Комисија навистина презедовме низа активности, низа на состаноци. Одржавме повеќе средби, меѓу другото ги посетивме Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за разузнавање. Оценивме дека е потребно да добиеме одредени информации од Министерството за одбрана, за што исто така добивме на писмено одговор. Работата се сведе на она што имавме можност да го видиме во однос со разговорите со Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за разузнавање, исто така со началниците и директорите во Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за разузнавање и исто самите што извршивме увид на она што нас не интересираше. Во извештајот јасно и децидно укажуваме на моментите кои ги имаме констатирано, а истото тоа и во заклучоците јасно и децидно го потенцираме што е она што ние го видовме.

Едно што морам да напоменам дека е факт, ние максимално имавме поддршка од аспект на Министерството за внатрешни работи и Агенцијата од она што го баравме. Тоа во превод значи дека повелете, се што има во Министерството за внатрешни работи, се што има во Агенцијата ви стои на располагање. А тоа значи се што ве интересира повелете видете. Сите луѓе од првиот до последниот ви стојат на располагаше да ги прашање, да побарате одговор од сите. Тоа и го направивме. Дури и еден член од опозицијата, морам да напоменам беше толку задоволен од приемот, посебно на местата каде што одевме дири и самиот беше изненаден дека тоа порано не се случувало така, а дека сега има максимална кооперативното и отвореност од страна на сите луѓе што работат. Имавме средба со директорот на ДБК, бевме и во Петтата управа, бевме и во Агенцијата. Се што видовме и што констатиравме на крајот го сведовме во информацијата и заклучоците. И јасно и децидно се констатира и тоа е факт дека во Агенцијата за разузнавање апсолутно не постои ни теоретска можност да се направи она што господата од СДСМ обвинуваа. Во народна одбрана истото тоа важи. Тоа важи и по една проста логика, сосема е друго дејствувањето на овие служби од аспект на оваа афера. По однос на Министерството за внатрешни работи имавме увид дека е факт одредени криминални групи во Македонија, одредени луѓе кои се бават со дрога, со шверц на оружје и други деја-нија, факт е дека се применуваат одредени оперативно технички мерки кои што подразбираат спречување на тој вид на криминал. Имавме разговори, како со началниците, како со директорите, исто и со обичните вработени. Имавме и увид во деловодните книги, каде што јасно и де-цидно констатиравме дека апсолутно по однос на инволвираните лица кои ги приложи господинот Бранко Црвенковски и СДСМ не постои никаков аргумент дека е направено прислушување од страна на овие служби. Значи од тој аспект ние тоа го заклучивме и го приложивме. Е

сега се поставува прашањето, можно ли е да се изврши прислушување во самото Министерство за внатрешни работи, бидејќи, морам да објаснам сега процедурата, за да се изврши евентуално одредена Оперативно-технички мерка мора во најмала рака да бидат предлог од началникот на одделението, предлог од началникот на Управата, па потоа оди до директорот на ДБК и на крајот доаѓа до министерот. Таа е процедура зацртана од времето на Чокревски 98, тоа е упатството каде што од таа постапка според нашиот увид јасно и децидно се гледа дека е секогаш применувана, Што апсолутно покажува дека ни еднаш министерката, ниту директорот на Дирекцијата во тоа време Бојан Бојановски немаат дадено на писмено дека,извршите такво и такво дело прислушување по однос на инволвираните лица кои беа презентирани на прес конференцијата.

**ДЕЛЧО ИЦКОВ**: (Продолжение)

Сега се поставува прашањето дали е можно да се изврши самата постапка, внатре во Министерството по усмен пат. Тоа значи, дека г-динот Бојан Бојановски, му наредува на началникот на петтата управа, тој наредува на началникот на одделението, или претпоставка, директно наредува на извршителите да се изврши прислушувањето. Се поставува прашањето дали е можна таква варијанта. Јас велам не е можно. И апсолутно не е можна бидејќи имаме факт, Бојан Бојановски излезе и кажа дека министерката никогаш ниту му наредила, ниту тој сам на своја рака презема такво нешто. Тоа е првиот момент.

Вториот момент е уште подециден а тоа е дека вработените во Петтата управа поднесоа и кривични пријави дека такво нешто немаат направено и дека тоа е клевета. Значи, јас и децидно и тој елемент го отстранувам.

Ако веќе ни е во овие структури на државните органи, се поставува прашањето дали е можно да се направи со паралелен систем од надвор. Ние, имавме средба со стручњаци кои работат во Министерството и во Агенцијата кои јасно и децидно укажуваат дека можноста за усвојување на паралелен систем не може никако да се исклучи, пред се, знаејќи дека таква софистицирана опрема поседуваат многу земји во светот и дека тоа како можности како алтернатива постои. Ни укажуваа на двата начина, постои можност сателитскиот момент и укажуваа за можноста и инсталирање на оптичките кабли во телеком да има, така да речам слепо црево, испушти кој може да се користи за прислушување. Но, има и еден момент МВР формира Комисија, оваа од врвни стручњаци исто од внатре и од МВР ја разгледуваат односно се работи на овој случај, до резултатите се уште се нема стигнато, веројатно ќе се дојде, за постоење на паралелниот систем.

Сега, веќе кога јасно и децидно се констатира дека во МВР нема прислушување, во Агенцијата нема прислушувања, во Министерството за одбрана нема прислушување, се поставува прашањето кој го направил ова. Одговорот, по мене, е многу јасен и прецизен. Реков многу се кажа, нема да навлегувам во некое си големо образложение. Имавме период кога, после локалните избори г-динот Бранко Црвенковски најави планови А, Б, Ц, Д, Е, Г, и до кај стигнаа. Сега се некаде до Ш. Веројатно им е последно. Најавија и факти дека тоа им е извршено во време, кога знаете, имаше одредени превирања, имаше одредени турбуленции тогаш не ги објавиле. Ги објавуваат сега. И внимавајте:

Фактот дека 10% од материјалот е прикажан а 90% од материјалот не е прикажен факт е дека тоа го има извршено СДСМ. Зошто? Затоа што во 90% останати СДСМ го прислушуваше г-динот Бранко Црвенковски, Љупчо Георгиевски, Доста Димовска и сите ние овде. Извадени се само овие 10%, само овие 10%, за да имаат повод да го реализираат планот Ж или Ш. Затоа е целата оваа афера, а додека останатите 90%, во тоа време многу им беше потребно да прислушуваат, го направија, прислушуваа. Кого? Г-динот Љупчо Георгиевски, г-ѓа Доста Димовска, г-дин Борис Трајковски и сите овде но тие документи н никогаш нема да ги извадат, затоа што 90% прислушувана е позицијата, 10% опозицијата. Ова е факт на кој мора да одговорат јасно и децидно дека ова е апсолутно организирано од страна на СДСМ. Додека не ги извадат овие 90%, овие 10% што ги приложија, факт е дека самите меѓусебе се прислушувале за да имаат афера, а останатото што имале корист, од тие 90%, не ги ваѓаат. Мислам дека е јасно и децидно.

Вториот елемент е, нормално, не верувам дека сакаат до тоа ниво да ја дестабилизираат државата, бидејќи сигурно во државата има и структури и луѓе кои не можат така лесно да се дестабилизираат. Во тоа апсолутно не успеа. Не сакам да кажам дека поврзаноста со некои терористички акции што се случуваа во Македонија, дека во дел од сценариото на СДСМ, А, Б, С, Г, В, Д, З, Ш. Апсолутно не сакав тоа да го кажам

но има голема коинциденција и се случуваа некако во ист период. Факт е дека направија одредена штета на безбедносниот систем. Но, во едно сум длабоко убеден дека тие луѓе не заслужуваат, бидејќи биле на високо функции, искажаа многу работи што навистина на некој начин се државна тајна, службена тајна издадоа нов, со тоа не го дестабилизираа системот, не ја дестабилизираа Македонија. Во Македонија има кадри а тоа е потенцијалот. Техника, многу софистицирана ако немаме сега, ќе си добиеме и софистицирана, но сепак луѓето кои се грижат за безбедноста на Македонија, МВР, Агенцијата, Министерството за одбрана, ќе си ја извршуваат својата задача, сигурно, совесно, бидејќи тука е и потенцијалот. Значи, и во тоа не успеаја.

Уште еднаш на крајот да повторам. Значи, како што почнав , г-динот Бранко Црвенковски 10% од прислушуваните материјали ги објави. Останатите 90%, каде што е прислушуван г-динот Љупчо Георгиевски, како премиер, министерката и сите ние, факт е дека додека не ги објави целата вина е врз СДСМ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално се јавува г-динот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседател, почитувани пратеници.

На вчерашното заседание на парламентот, во мојата дискусија кога зборував за односно меѓу законодавната и судската власт, напомнав еден пример во однос на дејствувањето и развојот на демократијата во периодот на експертската влада и сегашното дејствување на односот меѓу Законодавната и извршната власт и тогаш наведов дека тогашниот потпретседател на Владата на Република Македонија, сега почитуваниот академик Блаже Ристоски, се обратил со писмо до еден од судовите.

Врз основ ана одредени сознанија сакам да го исправам тој навод и да укажам дека не се обратил потпретседателот Блаже Ристоски, туку тоа го направил неговиот шеф на Кабинет, без знаење на тогашниот потпретседател Блаже Ристоски. Тоа сакав да го исправам во мојата дискусија.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Треба во тој случај да се внимава што се говори.

Му давам збор на г-динот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Г-дин потпретседател на Собранието, претставник на Владата, господа пратеници.

Мислам дека дискусијата треба да ја вратиме на суштинското прашање и во таа смисла да дадам чесен збор дека СДСМ не поседува сателит. И ве молам, да не водиме дискусија како мали деца, како да е можно да се организира, во една сериозна држава, било кој да организира прислушување со опрема која е скапа, која подлежи под процедура на државите кои извезуваат, државите кои ја внесуваат таа опрема. Сега да се вратиме на главното прашање а тоа е што се случува денес во Република Македонија и каков систем се обликува, социјален и политички.

според мене денес се соочуваме со најдлабоката социјална и институционална криза во период од осамостојувањето на РМ, до денес. Ако за ваквите димензии на кризата не сме свесни, тогаш многу тешко од неа ќе можеме да излеземе. Оттаму, размислувањата и изговорениот збор имаат посебна тежина. Не смееме, ова што сега ни се случува, да го евидентираме, значи, како една само случка и објаснуваме фрагментарна како случајна епизода.

Станува збор за сплет на настани кои се одвиваат во подолг период, а прислушувањето е само врв на еден леден брег под чија површина се наоѓа една цела структура на процеси, сфаќања, цели и, се разбира нивни политички промотори кои користејќи ги позицијата на власта сакаат да го преуредат социјалниот и политичкиот систем на македонското општество. Тоа тие го прават наспроти Уставот и наспроти основните вредности на демократскиот поредок.

На виделина е еден многу познат концерт на социјална демагогија и полни усти со демократија, како параван за воспоставување на десничарски тоталитаризам како концепт.

Во 90-тите години се ослободивме од левичарскиот радикализам, како концепт кој доминираше во повеќе земји во Европа. За очекување беше дека свртувањето кон десно, кога тогаш ќе и се случи на Македонија Но, секако дека тие очекувања беа дека тоа ќе биде десница во рамките на воспоставеното искуство на Европските демократии, а тоа е толерантна десница која опстојува во рамките на демократските норми и која исто така ја поддржува

демократијата. Во таа смисла десницата во Македонија ќе постои и треба да постои, но не десница каква постоеше помеѓу двете светски војни, туку модерна демократска Европска десница.

Само ќе ве потсетам дека концептот што денес се спроведува беше јавно најавен пред неколку години од водачот на македонската тоталитарна десница, г-динот Љупчо Георгиевски. Тој, имено пред неколку години изјави дека кога ќе дојде на власт се ќе сруши. тука на Македонија и се случи најголемиот малер. Од сите изјави и ветувања кои досега ги има дадено г-динот Георгиевски, единствено на оваа изјава и остана до крај доследен и најупорно ја спроведува. Веднаш да нагласам дека во ВМРО ДПМНЕ сите го подржуваат овој концепт на ваква десница.

Ако со нешто може да се пофали македонскиот народ, тоа е неговата отпорност кон екстремната десница. Затоа ние како нација можеме да се гордееме што во најстрашната идеолошка војна, а тоа беше Втората светска војна која беше навистина идеолошка, пресвртница за развојот на човештвото, кога се одлучуваше за иднината на светот, застанавме на страната на демократските народи, наспроти фашистичката коалиција и мислевме дека повеќе нема да се повторат такви елементи од таков тип на десница. Но, водачот на ВМРО ДПМНЕ во неколку наврати уште пред да дојде на власт ги отстрани сите оние кои не мислат како него. Некои од нив формираа посебни партии, со што ја отворија надежта дека граѓаните кои ги поддржуваат десните идеи, чии избор јас го почитувам, тоа е нивни став и треба да се почитува, дека имаат сила да се дистанцираат од екстремното десничарине.

Зошто се задржав на овој вовед и зошто го сметам за значаен. Има неколку причини:

На Македонија и е потребна автентична демократска македонска десница, а не десница со различни очи која гледа на повеќе страни, десница која ќе го сака и ќе се грижи за својот народ, се разбира и за граѓаните на РМ. Македонците кои длабоко веруваат во своите етнички корени, во својот етнички идентитет, во својот природен јазик, во своите културни дострели не се никакви попишанковци.

Второ, ние пратениците иако сме припадници на различни партии мораме да се грижиме за доброто на сите граѓани, без, раз лика на која партија припаѓаат, на која вероисповед исто така и припаѓаат или на која етничка група, додека режимот на Ѓеоргиевски создаде зла крв меѓу граѓаните на РМ.

Трето, пишување на поезија и водење на држава не е исто. За пишување поезија треба да бидеш поет а за водење држава треба да бидат државник.

Четврто, деструктивните броеви на таканаречената литература на Георгиевски може да станат осврт на ниво на несогласување или интелектуален анимозитет. Она што треба да не загрижи е кога личност со таков интелектуален став е на чело на македонската држава. Каков е резултатот од ваквата анализа и утврдените факти? Застрашувачки Кои се целите на ваквата политика на Владата? Се да се испреврти, наспроти демократскиот поредок. Што станува со демократијата? А кој е тој безобразник што сака да дебатира демократија. Тоа се реакциите на актуелната Влада.

Во изминатите две години од функционирањето на актуелната власт сведоци сме дека токму на овој план, на планот на демократијата се направи најголемото уназадување. Овие две години за нас беа период на безброј случаи, афери и скандали кои заради својата бројност разноликост и интензитет веќе го поместија прагот на чувствителност кај јавноста, ја избледеа, да не речам избришана линијата на разграничување помеѓу прифатливото и неприфатливото, дозволивте од недозволивото, нормалното од ненормалното. Овој модел има внатрешна смислена содржина која длабоко задира во перцепцијата на политичкиот став. Став на потенцијалниот избирач. Со ваквата политичка концепција намерата е на граѓаните да им се згади политиката, кај нив да се внесе тотална разочараност и чувство на немоќ, да се создаде социјален рефлекс на самоизолација, повлекување во себе и неизлегување на следните парламентарни избори, а тогаш по принципот на братство единство ќе стапат на сцена прегрнати Георгиевски и Џафери, Димовска и Тачи и ќе организираат фер и демократски избори со мали неправилности од 300 до 400 илјади гласови.

За да се дојде до оваа цел што уште треба да се направи? Многу работи. Некои работи се направени, некои се во тек, некои треба да се доврשат. Нема да се осврнам на сите, туку само на дел од нив за да ја објаснам целата замисла во која преслушувањето е една многу важна тарифа .

Што најмногу и смета на една тоталитарна власт? Демократијата а кој

може да и направи проблеми? Граѓаните, јавноста и опозицијата. Како може да се совладаат овие безобразници што не ја оставаат да ужива во својата власт? Рецептот е едноставен. Јас го вклопувам во четири точки:

Прво, целосна контрола на социјалните процеси, како што е случајот со образованието, со здравството, најновото сега со Универзитетот, со синдикалното незадоволство. Притоа имаме вклучување на функционерите на службите во организација на синдикалното незадоволство, при вештачкото предизвикување или обид за преземање на некои приватни фирми. Притоа да им порача на партиските војници од ДБК, војниците на ВМРО ДПМНЕ. Да не бидат изненадени ако еден ден се соочат со фактот дека и тие самите биле под третман на прислушување. Ова засега е само претпоставка. Оставам самите тие да размислат дали е тоа можно и зошто не би било можно.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ**: (продолжение)

Второ, контрола на изборниот процес со насилства и фалсификување на изборите. Ако некој мисли дека изборите во 1999 и 2000 година ќе можат да се заборават, тешко се лаже. Изборите се лакмус за секоја демократија. Постои едно досега несоборено правило, начинот на кој се доаѓа до власта, најдиректно покажува како таа иста власт ќе владее. Дали во контролата на изборниот процес е вклучено прислушувањето. Очигледно и неспорно одговорот е потврден. Тоа го потврдија сите споменати јавни личности пред истражниот судија.

Трето, се подготвува закон за информирање, со кој Владата ќе ја утврдува подобноста на новинарите, тоа значи ќе ги пропишува границите на вистината. А, што ако вистината што ја посакува оваа власт се разликува од вистината каква ја познаваат новинарите односно јавноста. Решение има. Власта мора да знае како размислуваат новинарите, посебно ако станува збор за коментатори или сеедно било кои новинари, кои го креираат јавното мислење. Креирањето на било што, особено на јавното мислење е најголема опасност за секоја тоталитарна свест. Кој тоа смее да креира надвор од владината коска. Креирањето е многу опасна работа, затоа сите новинари на лента. И, овој факт го потврдија прислушуваните новинари пред истражниот судија.

Четврто, контрола на опозицијата. За оваа власт идеално би било кога опозиција не би постоела, а ако постои би било добро таа да биде составена од десетина партии од 2,3 пратеници. Така, владата на ВМРО-ДПМНЕ би можела да отвори политичка берза во која ќе котираат таквите мали партии. Уште подобра варијанта би била кога тие би биле клиентелистички партии, какви денес веќе постојат во Република Македонија. Со фрустрирачкиот курс на овие клиентелистички партии, нивната цена би варирала во зависност од тоа дали на Владата и се потребни 3, 5 или 7 пратеници, во зависност од тоа колку од политичките акции се потребни за да обезбеди процент од 51% односно 61 пратеник. Така, согласно политичката берза тие би влегувале и излегувале од владиното мнозинство, продавајќи си ја душата на ѓаволот. Што се става на пазарот? Па, се става на пазарот. Министерски места, собраниски функции и фирми. Дали Владата ги прислушува акционерите на овие партии. Едноставно кажано не знам, можеби да, можеби не.

Во врска со најголемиот срам што деновиве го доживува македонската држава од осамостојувањето до денес, повеќе владини функционери, обидувајќи се да го свртат вниманието со сопственото учество и одговорност излегоа со обвинувања дека презентирањето на пазарите ја загрозило безбедноста на Република Македонија. И, тоа ни го соопштуваат без срам и без најмала грижа на совест. Ни го соопштуваат токму тие кои со сите сили работат на уништување на македонскиот безбедносен систем. Токму тие кои наместо сите сили да ги вклучат во борбата против криминалот и тероризмот, целата Петта управата ја ангажираа во прислушување на стотици граѓани на Република Македонија. Претседатели на опозициони партии, пратеници, министри поранешни и сегашни, амбасадори, амбасади, новинари, јавен обвинител, претседател на изборна комисија и сл. Импресивниот список завршува со претседателот на државата и неговиот кабинет. Но, да видиме како навистина стојат работите по прашањето на безбедноста, на кое ниво се наоѓа сегашната безбедност и кој навистина се чувствува небезбедно, иако секој од различни причини.

Господа пратеници, од првиот ден на стапувањето на должност на актуелната влада, се забележуваат повеќе елементи кои укажуваат на дисторзијата на безбедносниот систем, што во крајна линија може да заврши со општествена аномија односно со губење на вербата на граѓаните

во постоење на јасни и утврдени правила дека тие правила важат за сите и дека безбедносните органи можат да ги заштитат од различити опасности.

Тоа претставува најниска точка на безбедносна несигурност во секое општество. Неколку клучни точки во изминатиот период ни даваат за право да тврдиме дека безбедносната положба на Република Македонија се влошува, со тенденција да се движи во два многу опасни и од аспект на македонските граѓани крајно неповолни и непожелни правци.

Првиот, да се дојде до целосно разорување на социјалниот систем и губење на доверба во институциите.

Второ, воведување на еден вид на државен терор. Прислушувањето е таков облик на државен терор.

Аргументацијата за вакви можни тенденции е обемна. Секако ги имам предвид опкружувањето во кое се наоѓа Република Македонија, состојбата на транзиција и меѓуетничките констелации. Но, актуелната Влада не успеа да се справи со сите овие предизвици, не сфаќајќи дека државниот интерес во голем дел не се поклопува со интересот на партиите односно на групи во партиите кои партиципираат во власта.

Актуелната влада, поаѓајќи од сопствените позиции на одредени групи, велам во самата Влада, во самите партии и желбата да завладее со социјалниот живот, без разлика на тоа дали тоа се коси со уставното уредување и правниот поредок донесуваше и донесува политички одлуки, кои директно влијаат на имунолошките фактори на безбедносниот систем.

Наспроти постоечкиот правен поредок во изминатите две години во Македонија имаше меѓу другото организирано содејство на полициските функционери со криминалното подземје со употребена сила и убиство на сопствени граѓани. Тоа беше случајот особено при локалните избори. Притоа, ваквото содејство, нешто јас зборував пред една година, меѓу одредени политички субјекти и криминалците не бира ни нација ни вероисповед. И, тоа убиство на сопствени граѓани, едноставно, се само заради различно политичко мислење. И, што е уште пострашно прикривање на

сторителите на овој политички криминал. Случајно беа притворени господата кои го направија тоа дело и случајно некој се јави од МВР, веднаш потоа да ги ослободи. А, тие се шетаа во Скопје, можете да ги прашате вашите сограѓани во кои кафичи беа во тие денови.

Политичките потези на Владата со кои пред се, ја загрозува безбедноста, опфаќаат цела група на постапки и очигледни политички одлуки, а се однесуваат на тероризмот и занемарување на заштита на суверенитетот на Република Македонија, како и занемарување на заштитата на припадниците на армијата и полицијата. Токму во последниот период, периодот на владеењето на оваа влада имаме најголем број на убиени, практично припадници на полицијата. Или, без подготовки праќани полицајци во акција или според многу сериозни претпоставки целиот случај Арачиново е аранжиран, затоа што еден од полицајците дошол до некои податоци за кои не требало да се знае.

Само да потсетиме на притисокот да се промени карактерот на делото во случајот на бомбашите од Кичево, да се откаже потерницата против Фазли Велиу како организатор на бомбашката група, документирано. Притоа, министерот ја лажеше целата македонска јавност, сите граѓани на Република Македонија, и Македонци и Албанци и другите дека не интервенирал, за да потоа се појави неговиот потпис со барање дека Македонија се откажува од екстрадицијата. Да се изврши договорена размена за Џавид Асани со киднапирање на 4 македонски војници. И, денеска ги имаме последиците од таа трампа. Тој господин Асани и денеска е еден од клучните личности во случувањата кои се случуваат на северот на македонската граница.

Арачиново морам повторно да го повторам уште еднаш, бидејќи се водеше смислено лоша предистражна постапка, за да не се откријат вистинските нарачатели и сторители на ова дело, за да потоа некој генијален ум во МВР направи р'шум во Арачиново, влегува во куќи кои немаат никаква врска со сторителите и да создадат уште поголем анимозитет на албанските граѓани кон македонската држава.

Особено е спротивно на Уставот на Република Македонија поделбата на државата на безбедносни зони меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, при што секој е газда на својот дел. Основна опасност за ваквото однесување на партиите на власт е тоа што политичкиот дијалог за меѓуетничките прашања што треба да биде вообичаено и тоа е многу пожелно, е под силно влијание на криминални структури. Според мене, во Македонија односите ќе бидат многу поблагопријатни меѓу Македонците особено

Албанците, доколку во одредени политички социјални структури не се внесени и доминираат криминогените структури, кои фактички се пречка за едно рационално разговарање за меѓуетничките односи.

Секое укажување на опозицијата на ваквото разурнувачко делување или пропуштање да се делува од големата четворка која сега владее со Македонија, тоа се господата Џафери, Георгиевски, Димовска и Тачи. Е, сега ова набројување е дадено според способноста да се донесуваат политички одлуки. Значи, не е случаен распоредот. Беше редовно толкување како дело на стари косовски структури и некакви остатоци од старите безбедносни структури. Само да ве потсетам, за нашето благовремено предупредување од формирањето на единици на ОВК во Јужна Србија и Македонија уште пред една година и тврдењето дека ОВК не е разоружна. Наместо владата на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА уште тогаш да преземе безбедносни и политички мерки, особено да ги анулира факторите кои ја превземаа одговорноста за безбедноста во регионот, тие се нафрлија врз опозицијата. Слично се случуваше и со нашето тврдење дека преку Македонија се шверцува оружје, цигари и сл. Подоцна, сите овие настани беа потврдени од меѓународни експерти и организации. Денес кога Владата ја фаќа паника и која очигледно не успева да ја контролира сопствената територија, сите овие податоци за кои ние тогаш зборувавме можете да ги најдете во статии на повеќе светски аналитичари или едноставно на интернет страниците на организации што се занимаваат со кризата во регионот.

Голем дел, што е интересно од овие податоци постојат во безбедносните служби. Само што за нив не смее да се зборува и тие се кријат од јавноста. Типичен пример е криењето на извештајот на полковникот Костевски, кој постоеше, постои и денеска, каде се дадени разузнавачките податоци за можното прелевање на кризата кон Република Македонија. Нешто слично се случува и со прислушувањето на јавните личности од страна на МВР. Докази и документи постојат, само оваа Влада има проблем со вистината. После ваквите факти и аргументација, кој навистина ја загрозува безбедноста на Република Македонија? Имам и една задача за пратениците од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Прашањето гласи, дали се загрозува безбедноста на државата ако на некои странски држави се предадат соработничките мрежи на една или повеќе држави. Дали тоа не е предавство на македонската држава? Не морате веднаш да ми одговорите, не морате воопшто да ми одговорите, само размислете за тоа.

На крајот неколку коментари околу техничките прашања, на што владејачката позиција сака да го сведе целиот проблем. Најнапред настана, нормално, збунувајќи ефект кај Владата, имавме прилика да ја видиме госпоѓицата Димовска, во тој ден даде три интервјуа, беше доста бледа и која рече, па, добро, има кај нас, има и во другите служби, па да видиме каде е што е. Но, Владата потоа се престрои и повика на соработка. Во што се состоеше таа соработка и дали е можна соработка, односно што требаше да направи Владата ако сакаше да открие дали се прислушува,потврдени од меѓународни експерти и организации. Денес кога Владата ја фаќа паника и која очигледно не успева да ја контролира сопствената територија, сите овие податоци за кои ние тогаш зборувавме можете да ги најдете во статии на повеќе светски аналитичари или едноставно на интернет страниците на организации што се занимаваат со кризата во регионот.

Голем дел, што е интересно од овие податоци постојат во безбедносните служби. Само што за нив не смее да се зборува и тие се кријат од јавноста. Типичен пример е криењето на извештајот на полковникот Костевски, кој постоеше, постои и денеска, каде се дадени разузнавачките податоци за можното прелевање на кризата кон Република Македонија. Нешто слично се случува и со прислушувањето на јавните личности од страна на МВР. Докази и документи постојат, само оваа Влада има проблем со вистината. После ваквите факти и аргументација, кој навистина ја загрозува безбедноста на Република Македонија? Имам и една задача за пратениците од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Прашањето гласи, дали се загрозува безбедноста на државата ако на некои странски држави се предадат соработничките мрежи на една или повеќе држави. Дали тоа не е предавство на македонската држава? Не морате веднаш да ми одговорите, не морате воопшто да ми одговорите, само размислете за тоа.

На крајот неколку коментари околу техничките прашања, на што владејачката позиција сака да го сведе целиот проблем. Најнапред настана, нормално, збунувајќи ефект кај Владата, имавме прилика да ја видиме госпоѓицата Димовска, во тој ден даде три интервјуа, беше доста бледа и која

рече, па, добро, има кај нас, има и во другите служби, па да видиме каде е што е. Но, Владата потоа се престрои и повика на соработка. Во што се состоеше таа соработка и дали е можна соработка, односно што требаше да направи Владата ако сакаше да открие дали се прислушува.

Таа, прво, што направи, се закани на изворите. Ако Владата уште тогаш не знаеше односно не беше организатор на прислушувањето, таа ќе беше првата што ќе побараше да се заштитат сите извори кои придонеле да се доставаат документите и материјалите до СДСМ. Меѓутоа, бидејќи знаеше дека тоа се случило внатре во МВР, веднаш излезе со заканувачки тон дека и тие би можеле да бидат земени на одговорност.

Познавајќи како работи оваа Влада, уште еднаш повторувам, ако таа не прислушувала, веднаш ќе преземеше над стотици мерки, ако требаше ќе донесеше итно закон за амнестија на можните извори, само за да докаже дека наводно СДСМ прислушувал.

Второ, сите ги бараа стенограмите. Јавниот обвинител, претседателот на Собранието. Ајде да се потсетиме кој не ги побара. Само господинот Љупчо Георгиевски и Доста Димовска. Па, едноставно не им требаат, тие ги имаат и ги читале, тие биле организатори.

Трето, наместо да се преземат веднаш законски мерки, кои постојат во нашиот правен поредок, а тоа е јавниот обвинител да нареди привремена мерка и веднаш да упадне во сите институции каде што е можно прислушувањето во државните и другите и веднаш да го утврди денот Д или часот Д, со комплетна документација. Тогаш, можеше веднаш истиот ден една мешовита парламентарна група од парламентарци експерти и да видат каква е затегнатата состојба. Ќе најдеа брдо ленти и тони хартија. Но, бидејќи тоа беше опасно за власта се измисли онаа преписка меѓу претседателот на Собранието и Комисијата, па претседателот на Собранието дава сугестии на Јавниот обвинител, што е преседан, како да постапи, за да се добие во време, па сироти луѓе во МВР се скинаа од работа, работеа и петоци и саботи и недели да уништат ленти, да уништат друга документација. Се измачија луѓето, се искинаа од работа, верувајте.

Едноставно, штом претседателот на државата рече дека тој стенограм е автентичен, обвинителот требаше веднаш да упадне со екипи во сите институции каде што се прислушува, вклучувајќи, ако се сомнева и во СДСМ. Меѓутоа, истовремено секаде. И, веднаш ќе се видеше каде се прислушува. Да не заборавиме, еден од членовите на комисијата од водечката партија во една емисија му излета и рече дека сите стенограми се симнати од дискета. Значи, човекот знаел каде има дискети. Ние немаме дискети, на нас ни се на сателит горе, не можеме да ги земеме.

Уште неколку прашања. Што станува со угледот на Република Македонија? Замислете ја оваа ситуација? Господинот Срѓан Керим оди во посета во Германија, Франција и САД. Разговара и таму го прашуваат како е кај вас состојбата во поглед на демократијата, бидејќи, еве, брзо сакаме да ве примиме за членка на НАТО во Европската Унија, па тој вели, добро е, задоволни сме. Дали има некои недемократски процеси? Нема. А, што слушам за прислушувањето? Па, добро, има прислушување. Кој се прислушува? Па, еве, јас на пример, и мене. А, колку време? Па, едно две години. Непријатна ситуација. Или, отиде господинот Нано Ружин во НАТО како амбасадор во Брисел. Исто, господине Ружин, каква е состојбата? Па, има прислушување. Колку трае? Па, трае една година. Или, не дај Боже господинот Трајковски треба да зборува во Обединетите нации или на некој широк меѓународен собир, каде што треба да ја брани демократијата во Република Македонија. Ова е, реков, затоа на почетокот најголемиот срам што го доживеа Република Македонија.

И, сега, уште едно прашање кое е следниот чекор, за што реков ова се следи на настани, ова не е случајно. Затоа можеби, малку почнав од подалеку, не многу далеку. Тоа е проблемот на професионализам и партизација.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:** (Продолжение)

Во службите, за наше добро, се уште постојат професионалци, само не знам до кога. Иако ВМРО-ДПМНЕ и ДПА ставија партиски војници на функционерките места, сепак во тие служби постојат патриоти, и Македонци и Албанци, кои за среќа или за жал, не знам, имаат многу информации. Тие во државата се долго време, ги познаваат проблемите. Можат да бидат корисни за секоја демократска власт, меѓутоа, за недемократска власт тие се мала корист. И ова што сега се презема, практично е завршниот удар конечно да се уништи безб9дносниот систем на Република Македонија. Вчера беа спомнати некои имиња, што не е вообичаено. Тоа се луѓето кои многу успешно спроведоа многу акции

при заминувањето на ЈНА од Република Македонија, кои ги открија првите Терористички групи во Република Македонија, кои воспоставија први контакти со службите на владите пријателски на Република Македонија и кои долго време ги одржуваат тие контакти заедно ја градеа безбедноста на Република Македонија, а овде се прогласуваат за КОС-овци. Ве молам, помлади колеги, дајте малку заинтересирајте се малку, навлезете добро во материјата, па после давајте квалификации.

Инаку, да Ви кажам имаше земји кои преземаа разноразни Мерки од истите причини, ги уништија своите системи, но после тоа во тие земји настана страшен криминал. Потоа, мораа да ги враќаат назад. Затоа би препорачал на Некои млади колеги нека читаат малку повеќе литература, нешто што е познато. Најголемите разузнавачи во времето на нацистичка Германија, една голема држава си ги прибра бидејќи беа големи професионалци и голема улога одиграа во поглед на глобалната безбедност за таа држава. Немојте да давате лесни оценки. Ако Некој работел против безбедноста на Република Македонија, за тоа постои закон и тој треба да се спроведи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Китановски.

За реплика се јавува господинот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Би сакал да реплицирам со господинот Китановски околу некои работи што ги напомна, и кои мислам дека немаат никаква врска со вистината.

На почетокот повторно ќе го повторам прашањето кое вчера го поставив, а и господинот Ицков го повтори.

Дали вие господине Китановски ги имате видено останатите 90% од материјалите кои ги поседува Вашиот лидер и да тврдите дека се работи за прислушување кое го има направено ВМРО-ДПМНЕ и дека поради цела оваа афера не стои некој друг, не тврдам дека СДСМ, но некоја друга странска служба. Сега, ако тврдите дека СДСМ нема сателит, можеби сателит нема, но има луѓе, многу блиски луЃ9 до себе кој после завршувањето на косовската криза веднаш ги видовме, заедно со некои новинари, кај господинот Милошевиќ. Имате луѓе кои се многу блиски со бившиот режим во Србија, а за што пак вчера и завчера слушаме и читаме по весниците дека нивниот прв човек на тајната служба е затворен, но тој до вчера беше слободен, комуницира, претпоставувам и понатаму со нив. Ако тогаш, во тоа време отворено Милошевиќ ги примал, сега не гледам причина зошто тоа не би го правел. Јас тврдам дека во тие 90% се прислушувани и други лица, не е прислушуван СДСМ. Господинот Бранко Црвенковски нека ни ги покаже 90% останатите материјали и јас ви тврдам дека и вие ќе бидете изненадени кој се бил прислушуван.

Ако ВМРО-ДПМНЕ прислушуваше, немаше да дозволиме шест пратеници да ни избегаат од пратеничката група, ќе имавме сознание дека сами себе се прислушуваме, ќе имавме сознанија дека имаат намера да бегаат, бараа луѓево по 50-тина, 100 илјади германски марки, тоа не е толку голем проблем за ВМРО, ќе им дадевме по толку пари и немаше да отидеа во друга партија. Тоа мали ли докази се дека ние не сме прислушувале.

Инаку ќе ви кажам искрено многу непријатно се почувствував кога човек, во лицето и делото на господинот Китановски, човек кој ги внесе луѓето што се занимаваа со ракетерство во изборите, и кои после изборите затоа што не им плаќаше доволно паушали, или имаше ветено на тие луѓе некои други функции, не им ги исполни па кршеа дискотеки, сега тој човек ни зборува на нас како он ја замислува десницата и како тоа десницата требало да изгледа. Во 1991 година си направивте партија, како се викаше, на господинот Голубовски, не ми текнува, видовте какви резултати покажува. Десница си наброивте по ваш избор, други некои ВМРО да направите, еве го и последново, ќе видите на следните избори какви резултати. Многу непријатно е сега ние да Ви држиме на Вас предавање како ние во ВМРО ја замислуваме левицата и како треба да изгледа Вашата партија. Тоа замислете си го, Вашите замисли како треба да изгледаат или пак направете си партија, десен центар, демохристијанска или народна партија крстете ја и правете ја како Вие имате идеи, но немојте на нас да ни држите предавање, затоа што позади ВМРО-ДПМНЕ нема испод 200 илјади граѓани на избори кои го даваат својот глас. Сега ги вреѓате и нив, надвор од тоа што на нас како пратеници тоа ни го правите.

И сосема на крај би Ве молел, јас се согласив и вчера исто дискутирав дека тоа е ненормално голема афера, дека навистина е голем удар за државата Република Македонија, дека и јас, без разлика што не

припаѓаме на исти партии, се чувствувам засрамен, понижен што Македонија сега се наоѓа во ваква афера, но не можеме никако да споредиме со една друга, никако не можам да ја наречам, ако не афера, тоа е несреќниот случај со атентатот на господинот Глигоров што се случи на 3 октомври. Секако дека ќе се согласите и Вие, или ако заборавивте ќе ве потсетам, тоа беше многу поголем удар на државата, многу поголем обид за разнишување на сувереноста на Република Македонија. И околу тоа сосема накратко ќе Ве потсетам, Вие тогаш бевте активен чинител на власта, а не најдовте за сходно ниту еден ден тука во оваа иста сала да се разговара за тој случај, кој го направил, зошто го направил или вие како претставници на народот, како глас на народот, да го пренесете тој глас што народот мислеше околу тоа. Вие еден единствен ден не употребивте за тоа. И јас повторно ќе кажам дека тоа е многу лоша работа, но таа дека е многу поголема. И би ве молел натаму ако имате дискутанти, а имате гледам пријавено, да ја заборавите таа практика дека тоа е најголемата афера што ја потресла Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јавува Ненад Ристевски.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Мојата реплика се однесува директно на господинот Пандов и би сакал да ме гледа во очи, а не да се наведнува додека зборувам.

Господинот Пандов е член на претседателство на една партија која претендира да биде сериозна политичка партија, партија на власт. Тој тука изнесе една клевета, и јас барам од него да даде и докази за таа клевета. Во Вашите раце се наоѓаат сите органи, мислам на МВР, имате судски органи и не би требало со такви памфлети да излегувате. Проблемот на ДПМНЕ е негов проблем и не треба да го бара кај другите.

Ние излеговме од партијата ДПМНЕ заради тоа што таа ги напушти сите определби со кои ја добивме власта. Таа го напушти македонскиот народ. Времето работи против Вас. Вакви работи вие треба да ги документирате, ако сте сериозен политичар. Јас ќе се откажам од било каков мој имунитет, ако Вие ги докажете овие работи и ги изнесете пред Собранието. Со ова го покажувате и Вашето ниво што го покажавте и на седниците кои беа после нашето излегување од партијата ДПМНЕ, кога немајќи аргументи посегнувате со камења. Вие дефинитивно сте партија на уличари.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам обраќајте се еден на друг како на личности.

За реплика се јавува господинот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Имам забелешка до потпретседателот на Собранието.

Немам намера да реплицирам со господата од ВМРО-ВМРО.

Би замолил, без разлика на оној гнев што го имаат, омраза или што сака нека биде тоа кон ВМРО-ДПМНЕ, би замолил, ако тие не, барем потпретседателот, односно човекот што ја води седницата на натамошните дискутанти да им укажува, бидејќи гледам господинот Стојменов е сега пријавен, тој истото тоа сигурно ќе го прави. Партијата на која јас припаѓам е ВМРО-ДПМНЕ и би сакал како таква да се именува кога се обраќа кон нејзе. А партија во Собранието под името ДПМНЕ јас не познавам. Би сакал понатаму тоа да биде давано како забелешка од страна на потпретседателот на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јавува господинот Златко Стојменов

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Мала реплика за јуришниот на ВМРО-ДПМНЕ.

Не се согласувам со неговата квалификација дека ние сме гневни. Ние сме навредени и исклеветени од него. Тоа не е прв пат. Тоа е типичен негов стил на вулгарност, некултура и настап без вкус, без мерка. Мојот претходен говорник кажа, ако тој има некакви докази може да зборува од оваа говорница. Меѓутоа, ништо ново нема во неговиот стил. За време на каменувањето тој во нас гледаше шпиони и предавници. Тоа се типични квалификации за еден сталинистички јуришни кој обожавајќи го својот идол спремен е на секакви акции само да ги збрише неговите политички противници и неистомисленици. Навистина ме зачудува еден млад човек а се чини да е роден 1948, 1949 година, дејствува во времето на плурализмот. Мене многу ми е мака што морам овде за пратеник да зборувам, меѓутоа неговите навреди немаат вкус и мерка. Тоа е едното.

Второ, кога некој од власта веќе сака да зборува за поткупување на пратеници, можеме и таа тема да ја отвориме. Меѓутоа, тогаш ќе имаме многу

пратеници кои се потпишани дека нема да бидат на пратенички функции, а кои се директори и на многу фини функции.

Јас го повикувам господинот Пандов да се изјасни за поткуп кога ќе биде нашиот Предлог на закон за пратеници, измената и нивното учество на јавни функции кои носат привилегии, па да видиме кој кого купувал, како стануваат директори, во последно време, на големи организации кои преминаа во ВМРО-ДПМНЕ а како се ништат фамилии на луѓе кои не мислат исто со ВМРО-ДПМНЕ, не пратеници, не неистомисленици, нивните фамилии, нивните роднини, нивните најблиски. Сите се надвор од работните места. И ние зборуваме за поткуп. Може господинот Пандов да размислува за уништување на цели фамилии на политички неистомисленици. Тоа е од едно друго време кога имало многу шпиони, внатрешни непријатели, како што се ВМРО-ВИСТИНСКА и лесно е конструкција да направиш, поткуп и слично. Меѓутоа, господа, не заборавете. Еве нема докази ни за прислушување ни за поткуп. Меѓутоа и средствата за прислушување и средствата за поткуп и средствата за привилегии и функции се во Ваши раце. И сега кој поткупува, кој прислушува, кој поставува на функции и пратеници и активисти по градовите?

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници,.

Од Партијата ВМРО-ДПМНЕ може да се очекува се и сешто, а посебно од еден пратеник, не би рекол ни дека е млад, не би рекол дека припаѓа на партија, туку припаѓа на едно здружение фашистичко. Тој се служи со фашистички средства. Ова сакам да го докажам дека се служи со фашистички средства. Тој нас не клевети дека ние сме поткупени. Па дали е свесен што зборува.

Прво сакам да кажам за фашистичките методи на неговата партија, кога дојде да ни се заканува и да ни ги каменува и пали куќите ...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со Пандов разговараш?

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Да, да, со Пандов разговарам.

Се заканувaа дека ќе ни ги запалат куќите и камења фрлаа. Зарем тоа не е фашистичка метода. Сега ни кажува дека ние сме подмитени, спомнува 50 или 100 илјади марки. Па дали е свесен што тоа значи.

Господине Пандов, Вие не сте свесен. За нас, барем шесте пратеници Македонија е светиња, а за вас предавниците за кои јавно и во печатот имавме можност да прочитаме, место да ги затварате, Вие ги подметувате пратениците кои примиле мито, почнувајќи, тука го гледам Амди Бајрам, нека ми извини кој се клевети за 1 милион марки, Вие успеавте да го подмитите и сите други пратеници што успеавте да ги подмитите, од Шахиќ и до сите други. Каде се, каде се Ве прашувам 700 милиони марки што го продадовте Телеком. Дали тие пари сакате да ги распарчите за купување на пратеници.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ**: (продолжение)

Каде се тие 400 милиони марки суфицит, да ве прашам зошто не кажете, зарем и нив сакате да ги користите за поткуп? Не бирате средства да ја распарчите Македонија и овој македонски народ и се служите со закани и клевети. Срамота, што е многу, многу е, иако е од вас. Господе, прости му, не знае што сака".

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за г. Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван г. потпретседател, почитуван г. министер, почитувани г. пратеници, почитувана опозиции, Србите велат 'не дирај лава док спава" Сега сте ме чепнале и ќе ве чепнам до крај. Вашите милион марки што ги спомнавте за мене и за моите колеги независни пратеници, бидејќи јас сум лидер на партија, претседател на партија, и парламентарна партија, а моите колеги се независни пратеници, оној ден многу убаво ви кажав на седница. Друг пат кога ќе ме спомнете, немојте да сте ме спомнале како независен пратеник, бидејќи јас сум лидер на партија. Вие шест не вредите колку јас еден што вредам, тоа да ви биде јасно. Постојано ве почитувам, ве поздравувам таму, но сакате со моето име да се подигрувате. Ви благодарам што ми го издигате рејтингот уште толку многу. Гледате по разни весници пишува ова или она, сето тоа е добро и вие сакате да кажете некоја споредба за купување на пратеници. Јас

мислам дека е злоупотреба и барам извинување од вас пратениците. Дали од вас има некој сведок дека јас сум платен или поткупен пратеник. Јас не сум ни платен ни поткупен, јас сум бил со власта и останав со власта, тоа е јасно и гласно. Дали еднаш ќе ви биде јасно или постојано сакате да трубите на такви фори. Јас не сум ви крив на вас, вие меѓу вас што имате и како имате. Тоа е ваша лична работа,партиска работа што сте ја напуштиле партијата. Сега мене и моите колеги кои бевме со власта не закачајте, немојте да викате, де проститутки не правите, де не правите ова, де бегалци, де предавници. Предавници ние не сме, треба да сфатите еднаш. Секој политичар си има своја политичка партија и своја политичка определба. Затоа треба да сфатите еднаш дека опозиција и власт никогаш не може исто да биде. Нормално некој размислува за својата националност и за своите избирачи кај припаѓа и што припаѓа и како треба да припадне. Така и јас сум размислил, сум бил со власта и останав со власта. Јас не знам што гледате во мене. Еден сум, ама изгледа многу вреден, постојано тепате по мене, ама јас ви давам голови, да знаете, залудно ви е сето тоа. Друг пат сакам да останеме колеги, сакам да останам со сите вас пријател, сакам да се почитуваме, можеме политички дуел на секој начин да имаме, но вакви навреди, поткуп и други работи немојте да спомнувате, затоа што знаете што значи да кажете дека некој земал милион марки. За ова можам чисто да ве тужам за тоа што кажувате дека сум земал милион марки можете да одговарате, затоа што ако сте биле сведоци кога сум ги земал парите и ако ги знаете бројките од парите кои се нумерирани, од која до која бројка, за тоа ќе можете да одговарате. Затоа сега ви кажувам јавно (смеење) и најавувам за ова лично не за моите колеги туку за мене како Амди Бајрам - овде постои во стенографските белешки ќе го извлечам тој дел и тоа ќе го предадам на јавниот обвинител, од денес покренувам обвинение против тој што изјавил дека јас сум примил милион марки мито за клевета. Дали клевета, дали мито, ова е јавно кажано од говорница и за ова јас лично само ќе си ги земам стенографските белешки и ќе ги предадам утре во Јавно обвинителство на РМ и јавниот обвинител нека процени дали Амди Бајрам е виновен или не. Друг пат, г. пратеници некој кога ќе зборува ќе знае како треба да зборува. Јас мислам дека и на говорницата има крај, без оглед, навреда е навреда, затоа што милион марки се спомнати овде, не е шега.

Мене со ова ми се загрозува мојот живот, фамилијата, а јас сум лидер на партија, овде излегува дека е поткуп. Заради тоа барам извинување. Ако господинот не се извини за ова, пред сите вас и пред сите новинари утре ќе ви покажам мојот документ до Јавно обвинителство за да процени дали кривично некој ќе одговара за ова.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за г-ѓата Марика Јорданова.

**МАРИКА ЈОРДАНОВА:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници,

Морам да реагирам поради моето негодување во однос на тоа како тргна текот на седницата. Имено, од случаи сакаме да правиме закони и правила. Станува збор за конкретна точка, а точката се расправа на индивидуални видувања на партии, на случаи итн.

Сакав да реплицирам на г. Лазар Китановски, бидејќи изрече многу тешки навреди, навреди на нашата партија ВМРО-ДПМНЕ,навреди кон нашиот претседател на Владата г. Љубчо Георгиевски, при што во својата дискусија поистовети и постави прашање односно дилема околу кредибилитетот на некого да води држава, некој што пишува поезија и државник. Сакам да му одговорам на г. Лазе дека кој е способен и кој е што, дали е поет или државник зборува не поезијата, не зборовите и индивидуалните мислења на некого, туку зборуваат делата. Имено, зборуваат низата продефилирани европски делегации кои за цело време на владеењето на оваа власт можевме да ги видиме во нашата земја, зборуваа признанијата од сите меѓународни институции и тоа повеќе нема потреба да се поставува дискусија.

Беше поставено прашањето на демократското владеење на оваа власт. Беше поставено сомнението на партизацијата која ја прави оваа власт. Сакам да го прашам г. Лазе дали не беше партизација ова што досега го имавме, еднопартиски функционери, еднопартиски луѓе инсталирани од сите институции во државата. Дали ова што сега се прави, дали тоа е партизација или она што имавме можност досега да го видиме.

Понатаму, се постави прашањето дека оваа власт руши. Уште на почетокот се поставила уривачи кон својата држава. Господине Китановски, дали руши оваа власт или левицата која ја уништи и ја разруши буквално економската основа на оваа држава, ставајќи ги во стечај фабриките, правејќи ги неработниците и долговите поради кои и сега фирмите тешко составуваат крај со крај.

Понатаму, се постави проблемот околу инцидентите. Инциденти имало и можеби ќе има, но ќе има додека ние ги злоупотребуваме во политички цели и интереси. Инциденти имаше и во претходната власт, но додека сега атакот е на службеници на одредена државна институција, МВР, во минатиот период атаци имаше и на невини граѓани, на цели семејства, како што беше случајот со Мутинови во Струмица, и низа други убиени и неразрешени случаи на граѓани. Така што таквите случаи кога се користат во политички цели не се добива корист за ниедна партија, напротив, штети на целата држава и штета трпат сите граѓани.

Се зборува во врска со аферата. Не можам да речам дали е афера, измислена афера да речеме прислушување, се фрлаат секакви вини на владејачката партија врз основа на вербални недокажани обвинувања. Но да се запрашаме дали тие обвинувања ја прават тежината, суштината на еден криминал или веќе докажани аргументирани криминали кои ги правеше претходната власт. Што да речеме еднопартиските медиуми во претходниот период. Што да речеме за кодошите, за докажаните досиеја, дали тоа ја покажуваше демократијата на едно владение. Тоа е малку поширок проблем и мислам дека не треба така да дискутираме во овој Парламент.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за г. Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседател, дами и господа пратеници, Во име на пратеничката група сакам да дадам мала реплика на г. Александар Пандов, кој јавно призна пред сите нас овде присутни и пред македонската јавност, бидејќи овој пренос почитуваните граѓани на Република Македонија имаат можност да го следат, дека ВМРО-ДПМНЕ како партија е спремна да даде неброени пари за да ја задржи власта. Тоа беа неговите зборови.

Во однос на Амди Бајрам, во прво време сметавме дека требаме да му реплицираме, меѓутоа, самиот тој од говорницата призна се она што сакавме да му го кажеме, така што направи голема услуга на ВМРО-ДПМНЕ и успешно го одбрани.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за г. Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Не ми е намерата да полемизирам со сите шест пратеници. Единствено вредно што спомна г. Златко Стојменов тоа е околу законот кој го имаат поднесено за користење бенефиции како пратеници од позиција на позиција, членување или директорување во одредени фирми. Сега веднаш да нема никаква дилема дека стојам и јас зад тој закон и сум потписник, но ќе бидете сведоци, ќе имате листинг на кој што ќе видите дека јас ќе го поддржам тој закон.

Имам една не баш мала забелешка ми пречи времето во кое го поднесувате тој закон како совесни и големи патриоти што не би сакале да ја оштетат државата со злоупотреби на своите функции. Не ви текна на вас шесторица истиот овој закон да го поднесете уште 1998 година кога бевме избрани сите, па тогаш имавме и мислам дека донесовме еден закон за неможноста односно за објавување на пратеничката функција како професионална, тогаш да наведете како амандман можевте да поднесете дека не би можело сега од позиција на позиција било кој пратеник да биде поставуван како началник, како раководител на некоја подружница, директор на одредена фирма итн., туку сега ви текна тоа. Тоа ми отвора сомнеж дека вашите намери се не баш чисти, но во секој случај повторно ќе ви кажам затоа што тоа беше насочено кон мене, максимално го поддржувам вашиот предлог и ќе ве уверам со тоа што кога ќе биде законот ставен како точка на дневен ред на некоја наредна седница, по листингот на гласањето ќе видите дека ќе го имате мојот глас "за".

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за г. Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас не сакам да излезам на говорница, но ме влечете да излезам. Немате потреба и што јас сум ви признал, што сум кажал јас. Сум кажал дека ќе поднесам до јавниот обвинител за клевета дека ме клеветите за милион марки, дека сум примил поткуп, тоа е целата работа. А вие ако сакате покрај мене сите шест

пратеници, да ме навлечете овде и преку мене да добивате реплика на прекувремено пријавените листи, тоа е друга работа, можеме да водиме реплика до сабајле. Јас мислам дека нема потреба на ваков начин да реплицираме, затоа што вие сте биле во ВМРО-ДПМНЕ, вие сте си ја напуштиле вашата партија, јас не сум ви виновникот, ви сте си отишле во друга партија. Тоа е ваш личен проблем, а мислам дека со мене немате потреба да водите таков дуел. Нормално, јас си останав каде што бевте вие порано, ама вие си отидовте, вие си ја напуштивте вашата партија, основавте друга нова партија. Сега јас не сум виновен, виновник, вие сакате преку мене да тепате во Собранието. Тоа не ќе можете, сите шест души давајте реплики, на сите шест ќе ви одговарам и со сите шест ќе излезам на крај, бидете сигурни. Толку сум моќен, јас не сакам многу да говорам, ама на реплика како ќе ви одговарам бидете сигурни дека на крај ќе изгубите сите шест со мене со реплика. Ви тврдам пред новинарите дека со реплика не ќе можете да излезете на крај со мене. Терајте си реплика каде што треба, зашто сте напуштиле партија, ако ви е жал за партијата што сте ја напуштиле јас мислам дека треба вашите колеги, вашите пријатели, поднесете си едно писмено барање до партијата да ве примат да се вратите назад и немојте да реплицирате на мене, тогаш терајте, бидете и ќе бидеме заедно во власта. Јас мислам дека така е најубаво. Инаку, што ќе реплицираме, што ќе правиме тука.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за г. Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Бидејќи неколку пати бев спомнат би сакал да прокоментирам некои јавувања на колегите пратеници. Најнапред, очигледно дека партијата ВМРО-ДПМНЕ не е исто што и раководството на ВМРО-ДПМНЕ, а тоа го потврди и самиот г. Пандов. Впрочем, јас реков дека не посоветувам никого во Република Македонија со една желба за тоталитарна власт. Тоа неколку пати го напоменав, може да се погледне во стенографските белешки, и отпорот кон тоталитарната десница. Интересно што ни од говорницата имаме признание дека ВМРО-ДПМНЕ нема проблем да купи кој сака пратеник, дека за таа партија тоа не е проблем, само е проблем од кај се парите на ВМРО-ДПМНЕ.

Инаку, партизацијата за која се тврди дека не постои навистина, јас не знам човек во Македонија кој не го доживеал тоа, или не го знае тоа. Ние имаме ситуации да се бараат членски книшки за одредена партија за раководни места, па дури и за вработувања, секој Комитет да одлучува кој каде ќе се вработи, за разлика од СДСМ, ресорот кој јас го водев барем, никогаш не се поставувало прашањето не на партија туку на политичко мислење и тогаш строго беше укажувано дека во Армијата, во полицијата не треба да се внесува партиска идеологија. Конкретно јас лично знаев кој се припадници на ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа, никогаш тоа не беше проблем ако луѓето си работеа, си работеа, ниту имаше влијание на никакво напредување. Одеднаш после моето заминување се појави еден бран на покажување на книшки како некаква потврда, аванс за напредување, што е многу лошо за секој таков систем. Тоа го тврдам и денес. Така, имате и деновиве во Армијата на РМ се поставува за шеф на службата за безбедност мајор, кој е со многу мало искуство, а имате полковници и потполковници кои долго време работеле во службата и се професионалци. Човекот лично не го познавам, можеби е вреден, меѓутоа, очигледно се кршат некои правила во напредувањето на службата.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ**: (продолжение)

Инаку, на сите прашања сметам дека нема потреба да се одговара. Изјавата дека се сруши ја даде г-динот Георгиевски, не ја дадов ниту јас нити некој од СДСМ. Така да ако се бара вината за тоа треба да се бара, или за политиката што се води на се да се сруши во оваа земја треба да се бара во изјавата на г-динот Георгиевски. Благодарам.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Г-динот Китановски повторно околу се зборуваше , а не зборуваше околу она за кое што јас реплицирав.

Јас на г-динот Китановски му реплицирав дека до него две столчиња и едно столче, мислам до него седи човекот кој што ја води Комисијата за контрола на Дирекцијата за безбедност и разузнавање и на Агенцијата за разузнавање. При тоа како претседател на таа Комисија тој гласал за заклучок во кој што вели: МВР нема можност да прислушува. Вашата дискусија, половина од вашата дискусија беше дека МВР и г-ѓата Доста Димовска биле, тие кои што прислушувале, дека началникот на петта

управа бил тој кој што прислушувал. Повторно ќе ви кажам, тој ист началник на петта управа, сега немојте да ме фаќате за збор не се сеќавам, мислам дека поднесено кривични пријави кон одредени ваши функционери поради клевета, заради тоа што зборувавте за човекот дека давал наредби. Тој истиот човек има поднесено кривични пријави. Сега не знам што се обидувате. Г-динот Љупчо Поповски е ваш член , а како ваш член е делегиран во таа Комисија, дали е така или не е. Затоа што тој човек, тој пратеник , г-динот Љупчо Поповски е претседател на таа Комисија и носи заклучок, тоа е еден од заклучоците во едната точка дека МВР нема можност и не е тоа кое прислушувало. Пак ќе ве прашам, дали вие г-дин Китановски ги имате видено останатите 90% од прислушуваните материјали кои ги поседува г-динот Бранко Црвенковски, вие го тврдите сега ова или зборувате од памет. Јас тврдам дека исто како и јас не ги имате видено тие 90% и сега г-динот Црвенковски и вас ве држи во заблуда со оние 10% кои ги објавил, строго селектирани, да мислите дека некој друг е тој што прислушувал. Тоа е точката, а сега вие повторно зборувате околу вработувањата, професионализмот кој сте го застапувале и не знам што. И околу тоа ако сакате можеме да спориме. Јас само ќе ви кажам само - во употреба, нели, можеби како пратеник не треба да го кажам, во 1997 година дипломира Пандов и како што беше во тоа време тука , фолклор, па преку овој-оној барам вработување, јас дипломирав како историчар, професор по историја и барам вработување како професор. Стриктно беше пренесено од тогашните функционери во Министерството, сега не е вкусно да им ги споменувам имињата, додека тој е член на ВМРО-ДПМНЕ, додека оди на состаноци на ВМРО-ДПМНЕ, нека не сонува дека може за време на владеење на СДСМ да добие вработување. Значи буквално само така ми беше пренесено. Сега за каков професионализам станува збор? Или тогаш професионализмот го разбиравте, само во ВМРО-ДПМНЕ да не е, сите други се професионалци. Ако е член на ВМРО-ДПМНЕ, тогаш не е професионалец, затоа што моето искуство го кажува тоа, пречката за мое вработување беше тоа што јас бев член. Никој друг мене не може да ме убедува дали било вака или онака. Јас ви го кажав моето лично искуство. Сега што понатаму зборуваме за вашиот висок професионализам , а не пак да сум дошол кај вас да барам вработување.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за г-динот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Бидејќи овој пат во репликата кон мене беше конструктивен г-динот Пандов, јас ќе се погрижам сега да бидам конструктивен. Го ценам што ќе го поддржи тој законски проект, меѓутоа за нашето задоцнето реагирање ќе му објаснам зошто е задоцнето. Г-динот Пандов заборава дека ние претходно додека бевме членови на ВМРО-ДПМНЕ, тогашната Влада на ВМРО-ДПМНЕ ветуваше дека ќе донесе антикорупциски закон и закон за перење на пари, значи законски проекти со кои ќе се изрегулираат овие состојби во општеството. Тие закони две и пол години после стапувањето на власт никаде ги нема во процедура, почнаа со процедура во времето на Камбовски, но колку што знам никаде ги нема и тоа е една од причините зошто се изневерени нашите очекувања да се регулира оваа сфера. Затоа не е задоцнето, меѓутоа некои креации и иницијативи требаше да се случат во нашата пратеничка група откако ќе излеземе од пратеничка група во која не излегуваа на површина креациите и иницијативите, туку излегуваа партиските послушници и викачите кои покажуваа лојалност само кон раководството. Од тој аспект го повикувам г-динот Пандов од оваа говорница да ми објасни, бидејќи сака да зборува за поткупуваше на пратеници, една појава што се случи деновиве во Македонија. Еве, да се дистанцираме од сите тие случувања во минатото, ќе го прашам за нешто што се случува во сегашноста.

Во мојот град, неколку дена пред завршувањето на стечајот од "Македонка" излезе платно во вредност од над милион марки. Шпекулациите се и жалбите на работниците од "Ватекс" дека платното е отидено преку "Герас Цунев" во "Ватекс", а од "Ватекс" во Хрватска. Јас би бил задоволен кога на мојот град некој одговорен за ваквото случување би објаснил дали ова е случајно, дали ова е добар потег и стопанско делување на Владата или ги има сите елементи на поткупување на пратеник.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Она што оди надвор од темата нема да го говориме.

Има збор г-динот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Точно е дека не е донесен законот за антикорупција и тоа е пропуст за кој ние сите треба да се заложиме, така што треба

да добие поддршка во овој Парламент, ако не во овој состав се надевам дека пратениците на ВМРО-ВМРО можеби во идниот состав 2002-2006 година ќе имаат шанса да го донесат, до колку успеат да влезат во овој Парламент. Живи и здрави да бедиме, па ќе видиме што ќе се случува.

Но поентата на моето излегување на говорница не знам Лазе како ќе ме сфати, инаку нашата комуникација добра е, пријателска, надвор од овие собраниски клупи да одговорам на некои обвинувања, кои лично не би можел да ги коментирам, може и да не се коментираат. Тоталитарна власт, од многу пратеници на СДСМ е апострофирана оваа Влада како таква. Се поставува прашањето што значи тоталитарна власт, постои ли некоја дефиниција за тоа. Можеби г-динот Китановски знае. Според мене, ова се посоветува со диктатура, можеби во една поблага форма. Тоталитарна власт значи укинување на сите демократски институции во државата. Колку во што знам,оваа држава постојуваат десетина електронски медиуми, уште повеќе пишани медиуми, а тие медиуми за жал пишуваат онака како што налага нивната совест, или нивните наредбодатели. Не сакам да го спомнувам најсвежиот пример со мене, но некој се сити на туѓата несреќа - еве, јас на никого не би пожелил таква работа , се случува и кај нас. Можеби тој некој македонски ген. До колку говориме за тоталитарна власт, само би кажал една работа. Треба да се потсетиме на времето 1992-1998 година. Вие г-дин Китановски партиципиравте како министер во таа Влада. Глупаво е јас да елаборирам што тогаш се случувало, тогаш се случуваа многу работи во државата, што мене ќе ми одземе време, а веќе многу пати се спомнувани. Прашање е колку е добро да ги повторувам сите тие работи. Околу купувањето на пратеници морам исто така да кажам дека ВМРО-ДПМНЕ не купува пратеници, нема ни намера да купи пратеници, така што можеби некоја несреќно дадена изјава ја толкувате онака како што вие сакате да ја протолкувате. Не е тоа манирот на ВМРО-ДПМНЕ. Впрочем, имаме тројца нови пратеници кои пријдоа на партијата од идеолошки причини тоа јавно и го обелоденија. Да, можеби за вас е смешно, за мене не е. Јас верувам во јавно кажаниот збор, во искреноста на луѓето, зошто да не верувам на г-динот Прангоски кој го елабораше ставот на тројцата пратеници кои преминаа во ВМРО-ДПМНЕ.

Околу членските книшки за вработување, зарем очекувате на првите ешалони да стојат луѓе на СДСМ. Нормално е да се сменат. Утре вие ако дојдете на власт, зарем ќе толерирате некој во првиот па и во третиот ешалон да биде од ВМРО-ДПМНЕ. Нормално е да го смените, тука нема лутење, тоа е демократија. Дојде Џорџ Буш помладиот, сето она што остана како наследство или вработено од Клинтон беше сменето. Отпушти шест-седум илјади луѓе, јас не ја знам бројката точно. Додека го водевте вашиот ресор не сте вработувале партиски. Па немало потреба, сите тие луѓе биле на СДСМ. Ги знаевте врмовците, а не ги сменивте немало врмовци во вашиот ресор, не постоеле. Идеолошки 50 години наназад тие кадри беа неподобни кои размислуваа малку поинаку од таа идеолошка матрица која беше наметната, чии наследници сте вие, нормално во една модифицирана форма. Имате и млади кадри кои не размислуваат како вас, кои допрва доаѓаат. Има млади кадри во ВМРО-ДПМНЕ кои не размислуваат како нас кои на некој начин ги поставивме темелите на ВМРО-ДПМНЕ и се надевам дека тука ќе се најде една спојка да разговараме за она што значи интерес на Македонската држава, а не да се гледаме како душмани и да посакуваме на спротивните политички партии очите да си извадиме едни со други, извинете вака на изразот.

Толку би кажал да не ви одземам повеќе време. Поентата на моето излагање беше тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Јас не сакам да долевам масло на огин и да ја одвлечкам дискусијата во некоја непозната насока. Сакам да реплицирам во својство на член на раководството на партијата со г-динот Китановски, односно сакам на две работи да му укажам.

Прво, барам да се извини за инсинуирање, мислам ако мисли дека треба да се извини, затоа што не можам со сила ништо да побарам од него. Да се извини за инсинуирање на фашизоидност на ВМРО-ДПМНЕ кое инсинуирање бидејќи не бев во салата го следев на екраните, можев да го забележам , тој не сака да го употреби со крајно тврди зборови, меѓутоа, од она што како изјава , тоа го има и како говор понатаму, многу лесно може да се заклучи дека други пратеници може да медитираат на тема, ај да не речам да онанираат на таа дискусија и да ги користат потврдите и повулгарни зборови, немајќи проблем да не

наречат фашисти. Јас мислам дека не ми е прифатлива една таква дискусија да можам да ја апсорбирам и да речам, бидејќи тој оди на варијанта дека раководството се разликува од членството дека еве раководството ако не друго практицизам на тоталитарно или крајно радикален десничарски начин, што , не знам, можеби му заличува на фашизоидност или не знам што , затоа што ги слушнавме тие зборови.

И втора работа, морам да укажам дека навистина се води една политика на двоен аршин, во која политика на двоен аршин преминување на едни пратеници во друга партија, за кое јас сум се произнел повеќе пати , мислам дека е демократска определба на поединец, секој може да смени партија ако смета дека едноставно се разликува со нејзината идеолошка платформа, дека едноставно завршил партискиот интерес кон него или неговиот интерес кон партијата, во смисла на надпартиска програма.

Меѓутоа, едно преминување на пратеници се претставува како крајна демократија затоа што оди во насока на сопствен интерес на сопствената партија, а друго преминување на пратеници од една во друга партија се претпоставува односно се прикажува како краен тоталитаризам, крајно вулгарна варијанта, поткуп и не знам што. Мислам дека имавме ние ситуација на преминуваше на повеќе пратеници во овој Парламент од една во друга партија и неприфатливо е да се толкуваат од позиција на двоен аршин односно едни работи да се претставуваат во светло на светци и свето, а други да се претставуваат како недемократски, бидејќи не им оди во интерес посебно на тие што тоа го прават, мислам дека не му оди во интерес на СДСМ.

Инаку, има уште многу работи кои се спорни и уште многу изјави кои г-динот Китановски ги истакна во своето излагање. За тоа најавувам дека ќе дискутирам, ќе се јавам уште еднаш за дискусија. Ова беше само кратко укажување на тоа дека навистина не можам да се согласам со извлекување на паралела која не држи и мислам дека се обидов на културен начин да укажам. А сега, соодветно на натамошните реплики ќе се обидам да бидам и јас со соодветниот речник.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално бара збор г-динот Ќосев, па потоа Лазар Китановски

**СЛОБОДАН ЌОСЕВ:**

Г-дин потпретседател, почитувани пратеници,

Сакам да реплицирам на г-динот Стојменов за некаква зделка, стопанска зделка или како ја нарече не знам, за некое платно вредно милион марки од "Македонка" преку "Герас Цунев", па преку "Ватекс". Мислам дека треба да му е јасно на г-динот Стојменов дека стопанскиот субјект "Ватекс" не опстојува на сцената во РМ повеќе од три години. Значи претходната власт го затвори како што го затвори, така што за вакви непроверени информации не треба непотребно да ја заморува јавноста.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За вакви работи повеќе нема да давам збор да се говори.

Има збор г-динот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Кратко објаснување во врска со репликата на г-динот Филип Петровски.

Сите беа во салата и присутните слушнаа и видоа дека јас зборот фашизам воопшто не го употребив и далеку од тоа. Можеби за разлика од некои пратеници во Собранието, јас внимавам на термините кои ги употребувам. Инаку, во образлагањето во интерпретацијата одам со аргументи.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:** (Продолжение)

Е, сега дали имало некоја потсвесна проекција или колегата Филип Петровски не ме слушна добро, за тоа не сум виновен. Впрочем, може да го погледне и стенограмите. Јас за она за кое што зборувам стојам понатаму,затоа што имам аргументација. А, инаку зборот фашизам воопшто не го спомнав во моето излагање.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Господине Китановски јас не реков дека вие го употребивте тој збор. Меѓутоа, имате две можности како да се обратите. Така, сега, да не зборуваме за практичен настап односно реторичка вештина во Собрание или како ќе се избере нашето обраќање спрема македонската јавност. Меѓутоа, ви реков дека многу ми е симптоматично тоа што вие зборувавте за крајна десница, а понатака некои други пратеници медитираат на вашите тези, поекстремно претставувајќи ги и да ве известам, да ви укажам, да ве информирам дека ВМРО-ДПМНЕ е демохристијанска партија. Не е ниту национал социјалистичка партија, не е ниту нема свои идоли кај Сталин кај Хитлер. Значи едноставно примена е во семејството на демохристијанските партии и има свои десничарски определби. Точно е тоа го погодивте. И јас исто така размислувам на некој сличен начин, меѓутоа, крајна десница

и после крајна левица кој што се сретнуваат во екстрем знаете каде завршува. Еве, господинот Поповски ви укажува да не реплицирате, затоа што ги апсолвирал овие теми, па еве, не ми реплицирајте вие може Поповски да реплицира ако сака.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа уште Поповски Љубомир и натаму по однос на овие видувања ниту има реплика ниту ќе дозволам.

Повелете господине Љубомир Поповски.

**ЈБУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас би сакал само една кратка интервенција на излагањето на господинот Филип во врска со заклучоците, бидејќи ги спомна заклучоците кој што ги утврди или ги предложи на Собранието Комисијата за надзор над работата на ДБК, каде што недвосмислено беше потврдено врз основа непосредниот увид кој што беше направен во Министерството за внатрешни работи во ДБК дека единствено министерство, кое што располага со опрема за прислушување тоа е Министерството за внатрешни работи и тоа е факт кој што е потврден. За разлика од него или некој негов друг колега, не сака да го види, од самиот министер за внатрешни работи во своите јавни изјави, кој што рече дека министерството, точно е, располага со таква опрема, меѓутоа се користи за други намени итн. Тоа го потврди директорот на ДБК. И, сега, мислам дека не можам да сфатам како можат луѓето кои што беа заедно со мене, каде што на само место, значи, на лице место ги видоа тие апаратури, таа опрема, да тврдат дека министерството не располага со таква опрема, а дека можеби располага некој друг, како што беше во дискусијата на еден претходен негово колега, дека тоа е СДСМ или некој друг паралелен систем и слично Мислам дека апсолутно, не можам поинаку тоа да го протолкувам, освен народот како што вика да се правиш слеп на очи. Или пак, да покажуваш таков вид на невидена сервилност спрема својот претпоставен, па тоа едноставно што таа го тврди јавно и го изјавува дека го поседува и дека го има и дека се користи и е во функција и вие да викате дека тоа не постои. А, за господинот Флоровски јас само една формула ќе му кажам што значи тоталитаризам, кој што имаме или кој што на некој начин во некој зачеток или во зародиш е токму во нашата држава.

Меѓу другите можности за појава на тоталитаризам е и фактот, кога во една личност ќе се спојат функциите министер или прв полицаец во државата, потпретседател на партијата и прв кадровик во една држава. Таков пример колегата го спомна пред извесно време вчера во дискусијата господинот Стојче, тоа бил само Александар Ранковиќ во бившата југословенска заедница. Тоа се првичните зачетоци да не ги спомнувам сите други работи, како што се во однос на медиуми и други потези или постапки кои што оваа власт на некој начин ги наговестува или ги практицира во своето работење и делување, кој што ништо друго не укажуваат дека веќе сме на прагот на воведување на еден тоталитаризам или диктатура. Според тоа, мислам дека апсолутно стојат некој работи. Тоа е мислам вака што ми падна првата дефиниција за тоа.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Кој што мислите на една реплика истрошивме повеќе од 65 минути.

Дозволете, само се јавува Наќе Стојановски и тука е веќе крај .

(Кон говорницата се упатува господинот Вангел Симев и сака да реплицира).

Ве молам,одете си на место.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Прозиван сум и сакам да одговорам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Одете си на место.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Се јавив за дискусија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе имате дискусија, кога ќе дојдете на ред.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Јас не ја напуштам говорницата, јас бев спомнат.

Не може вие да не ми дадете збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ја прекинувам седницата, ќе продолжиме во 17,00 часот.

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 17,20 часот.

Сега,тука,ќе прекинеме со реплики.

За збор се јави господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани, мислам дека намерата на моето јавување за збор имаше повеќе смисла, во смисла на разговорите што се водеа пред паузата. Но, поради фактот дека

почувствував добар дел на пратеници се засегнати на некој начин и тоа со право мислам, во врска со некои изнесени оцени овде во дискусиите, јас целосно ја разбирам нивната положба за начинот на реагирањето од некои оценки што беа изнесени овде во дискусиите, пред се, за карактерот на практицирањето на власта од страна на владејачката партија на ВМРО-ДПМНЕ и одземањето на времето во овој Парламент во врска со разјаснување на некои прашања, мислам дека би било подобро да се упати на релацијата во сопствените редови во сопствената партија. И, Парламентот да не се оптоварува со такви дискусии кои ги имавме овде пред малку, пред паузата. Затоа што, проводите и причините се наоѓаат токму таму. Јас тоа ќе го илустрирам со неколку примери.

Прво, дека се работи за сериозни не само индиции, туку состојби внатре во партијата, зборуваат самите активисти истакнати првенци на ВМРО-ДПМНЕ...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Говорите за темата и процедурално.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Се јавив за реплика господине потпретседател. Ако немам право, јас мислам дека ми дадовте збор. На пример, ќе најдете во најновиот број на славниот министер Новковски, партискиот весник на"Глас" елаборации за вкупните состојби во партијата ан ВМРО-ДПМНЕ, каде што кажува дека нивото на одговорност во таа партија е сведено на маргиналните членови долу, додека во контекстот на пирамидата во одговорните членови горе, тој принцип на одговорност не се применува. И, тоа го кажува на голем број на примери. Јас ги упатувам оние што не го погледнале тој текст да го погледнат и да го видат тој извор и нека промислата. околу таа работа.

Вториот факт кој го изнесува е фактот дека тоа партијата може да го направи, да го примени тој принцип до крај,затоа што има и своја логистичка поддршка и организираност, а тоа е целосна електронска евиденција на своето членство на кадрите во партијата, што одамна некои членови на ВМРО-ДПМНЕ, го истакнуваат тоа како негативен пример. Дека таквите податоци се користат, практично за елиминација на добар дел на членови и структури, кои не се по волјата и критериумите на одредени врхушки внатре во партијата. Тоа исто ќе го најдете во текстот на Ненад Новковски, на министер од ВМРО-ДПМНЕ актуелен во најновиот број на "Глас" на ВМРО-ДПМНЕ.

Второто прашање во врска со реагирањето на добар дел од пратениците во врска со оценките за целосен тоталитаризам во партијата на ВМРО-ДПМНЕ, се обидуваат овде на некој начин да го отфрлат тоа и реагираат,што е со право реагирање, затоа што е тешка квалификација но за жал, која егзистира. Имавме прилика во претходните излагања на добар дел од пратеници, а и денеска на пратеникот Александар Трпевски каде им беше импутирана на СДСМ декларацијата за наследство на бившата партија од едноумието овие простори на СДСМ изразени низ сублимацијата како власт на таа партија од 53 години нормално, со додава на тие 6 години што сме биле во овој плуралистички период додадени уште плус двете. А, по истиот критериум јас би кренал внимание на колегите од ВМРО-ДПМНЕ дека и тие се прогласија наследници на ВМРО како револуционерно ослободително движење од неговиот опстанок до денес и во 1994 година на Конгресот во Кичево го преименуваа во свој конгрес во десетти, единаесетти, дванаесетти, тринаесетти и не знам кој....

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Наќе петте минути поминаа и крај. Кога ќе дојдете на ред можете да разговарате за историја, за географија, за физика и што се не.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Се плашите ли од фактите да ги чуете?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не, тој факт ваш е ништо.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако се плашите од фактите тогаш ќе доаѓате секогаш во апсурдна ситуација. Јас се обидувам да ви помогнам да ги согледате вистинските причини каде лежат во вашата заблуда.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви поминаа петте минути за реплика.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, секако сум на ред и тогаш ќе искористам прилика и ќе ви го кажам тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ханџиски Благој.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Добро, му благодарам на потпретседателот што ми даде збор, за да се изборам за репликата после попримањето на таков тек на расправата пред да дојдеме

до паузата, дојдов и лично му се обратив, со оглед на тоа што имаме проблем и со техниката и со оглед на тоа што кога сме пријавени за дискусија ако се пријавиш за реплика, те бришат од списокот на дискутанти. И, затоа, сакам да почетокот да кажам дека моето право за учество во расправата ќе го задржам и сега се јавувам само за реплика во врска со тоа како во текот ан целата расправа се однесуваме како пратеници и од позиција и од опозиција, а посебно пратениците од позицијата и како се развиваше таа расправа, посебно во последниот час од расправата.

Ако е точна онаа народната дека по утрото денот се познава, тогаш имавме доволно време во последните две, две и пол години откако ВМРО-ДПМНЕ дојде на власт да доживееме многу утра по кои што можеше да се препознаат деновите кои што денеска ги живееме, кои што се оптоварени...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Ханџиски ќе направам интервенција. Говорете за реплика. За говор ан пратеници, а за ова што го спомнувате, задржете си го кога ќе добиете збор.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Јас има право да дојдам до поентата која што е врзана за репликата. Сакам да укажам на тоа дека по таквите утра кои што досега ги доживеавме во многу наврати од 1998 година до денеска можеше уште пред две години да видиме до какви денови ќе дојдеме, до какви грди слики за состојбите кои што се случуваат во државата ќе дојдеме и да си дадеме одговор на сите прашања кои што во изминатиот период се поставуваа па и да се дадат одговори на прашањето зошто ни се случуваше сето она што ни се случуваше, откако ВМРО-ДПМНЕ дојде на власт, зошто ни се случи, еве, за тоа што денеска расправаме да се прислушуваат стотици, илјадници политичари, новинари, стопанственици, јавни личности, да се прислушуваат обични луѓе. Зошто ни се случи. Во името на некаква "морална одговорност" министерката за внатрешни работи да поднесе оставка, и зошто ни се случи така експресно со едно излитено образложение премиерот на државата ни Данска, во која што нели има нешто гнило, таа оставка да ја отфрли. Исто така, како на дланка по тие утра кои што ги изминавме во последните две и пол години, може да го најдеме одговорот и на прашањето зошто претседателот на Собранието по негов личен исказ, единствениот лорд во Македонија читај во буквален превод единствениот господар во Македонија закажува итна седница за ова исклучително сложено прашање, еден месец од кога е поднесено барањето и зошто пратениците, посебно од опозицијата инсистираат што порано да се одржи оваа седница, а зошто пратениците од позицијата се обидуваат на најразлични начини да го одложат прашањето на расправата, да се забошоти целата афера и да се покаже дека ние во Македонија, всушност немаме никакви проблеми.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:** (Продолжение)

Единствениот проблем и најголемото влог во Македонија е тоа што како политичка партија постои СДСМ, дека ние во Македонија практично немаме никакви проблеми, туку дека тие сите проблеми ги создава СДСМ и дека сите афери кој станаа заштитен знак на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ, всушност не се афери, туку се афери кои што ги конструира СДСМ. Во таа смисла се води целата расправа, по едно исклучително сложено и комплексно прашање што направи погром и во домашната и во меѓународната јавност, што остави и ќе има долгорочни последици по севкупните состојби во државата заради тоа што беа прислушувани, ќе повторам, соодветни или илјадници политичари, новинари, бизнисмени и јавни личности.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дин Ханџиски Ви истече времето.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Дозволете г-дин потпретседател да дојдам до поентата.

Го гледам времето. Зборувам две и пол минути.

Дозволете да се искажам за две минути.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ти поминаа петте минути.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Не ми поминаа пет минути.

Ние се доведовме во ситуација во која сите пратеници од позицијата се обидуваат да ја разводнат целокупната ситуација .

Ве молам немојте да ми го исклучувате микрофонот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дин Ханџиски ако продолжите вака ќе ја прекинам седницата.

Има збор пратеникот Стојменов Златко.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Јас навистина ќе се потрудам една моја реплика да биде во интерес на конструктивноста, со тоа и конструктивната работа на Парламентот.

Ќе се потрудам да бидам краток и да се задржам токму на она што сакам да реплицирам, она за што ме спомнам г-динот Слободан Ќосев, во смисла на состојбата во"Ватекс','"Македонка"и слично.

Јас морам да му кажам дека тие сознанија се мој, од аспект и како пратеник , претставник на народот. Тие сознанија се од граѓаните кои ги застапувам на Градот Штип, а исто така сознанија кој се дојдени во нашата пратеничка канцеларија, граѓани од Валандово.

Јас би сакал овие сознанија Владата да ги потврди или да ги негира, а го повикувам г-динот Ќосев, еве, заеднички да поставиме едно пратеничко прашање кое би го формулирале така како што беше формулирано претходно, со што би разоткриле што е вистината, а што не, во овој случај. Дали има одлеано платно од "Македонка" или нема и каде е завршено тоа.

Јас , исто така, го разбирам г-динот Ќосев дека ги познава тие работи, бидејќи сега се јавија од Валандово дека тој е застапник на ЗИК "Анска Река" и оттаму ги познава приликите во Валандово и верувам дека ги познава. Таму , во "Анска Река" веќе има собрано штрајкувачи , кој чекаат средба со него,меѓутоа тоа е сепак друг субјект.

Околу "Ватекс", го повикувам уште еднаш да поставиме заеднички пратенички прашања.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално се јавува г-динот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Г-дин потпретседател јас мислев да реагирам процедурално откако ќе го ислушам г-динот Ханџиски, бидејќи навистина не одеше со некоја конкретна реплика туку чекаше ја види поентата.

Меѓутоа во овој момент процедурално реагирам во однос на времето. Навистина, ако се каже дека пет минути се за реплика, треба да се држиме за тоа време. Јас сакам да кажам дека не поминаа преескa пет минути. Треба да држиме до едно достоинство на оваа расправа, без разлика дали доаѓа од позиција или од опозиција.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа јас го мерам времето на секого.

Повторно има збор пратеникот Благој Ханџиски.

Во вториот дел , да знаете имате две минути.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Г-дин потпретседател, ако во нешто се разбирам, се разбирам во мерења и се разбирам во мерење на време. Две и пол минути зборував. Вие ми го укинавте правото на реплика, ми скративте две и пол минути и сега ќе поминам директно на сржта.

Тоа не е магла да се разнесе, како што очекуваат претставниците на позицијата и претставниците на Владата и претставниците на пратениците. Народот е погоден, народот е понижен, народот е загрижен и бара одговори. Ова прашање на прислушувањето не заслужува таков однос на сите пратеници генерално, ама пред се заради тоа што таква атмосфера создаваат на пратениците на позицијата. Не е дојдено времето, или не се наоѓаме во таков момент за да ја сведеме расправата околу прислушувањето на нивото тиреков ми рече. Затоа сакам да кажам, еве нека се откажеме во овој момент од ставовите на позицијата која што тврди ние немаме никакви проблеми во државата , дека опозицијата намерно создава хистерија, дека во оваа држава тече мед и млеко и дека опозицијата, заради болните амбиции да се врати на власт создава секојдневни афери и скандали, што стана заштитен знак на владеењето на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Ајде да погледнеме што за оваа состојба мислат и гледаат другите од надвор и тоа исклучително битни институции.

Само сакав да Ве потсетам што за прислушувањето кажа Европарламентот. Кажа дека треба да се преземат итни мерки оваа работа да се испита докрај, тие што се огрешиле по Уставот и Законот, затоа што нема никаков сомнеж дека има масовно прислушување, дека се нарушени основните човекови права и слободи, дека е нарушена интимата на граѓаните, правната држава, дека е посегнато по безбедносните системи на државата. Затоа сакав сета оваа состојба, во која се наоѓаме како дискутанти или учесници во расправата, од една или од друга страна, да апстрахирам и да Ве потсетам на тоа што за прислушувањето мислат исклучително важни меѓународни институции и организации како што е АРТИКАЛ 19.

Веќе на 19 јануари 2000 година директно до министерката за внатрешни работи, покрај другите адреси, во овој момент е битно затоа што имаше тангирано оставка и како што реков одбиена оставка со едно излитено образложение Доста Димовска министерофолис, Скопје Македонија, не ФИРОМ, 19 јануари 2000 година.

Што пишува во дописот кој што е допратен , реков и до други адреси.

Артикалот 19 е крајно вознемирен од информациите за неовластените прислушувања на новинари и од опозиционери , политичари, во последните месеци и повикува на итни акции за целосно расчистување на овој случај.

Второ, беа изнесени докази дека телефоните на повеќе од 25 новинари биле прислушувани од минатата есен. Полицијата одрекува дека е инволвирана во прислушувањето, но согласно нашите информации во Македонија , само полицијата располага и има пристап до опрема со која може да се реализира ваква широка операција.

Уште повеќе природата на снимените разговори, бројот на новинарите и опозиционерите, политичари кој се прислушувани, како и фактот дека тие разговори потекнуваат од месеците пред и за време на септемвриските локални избори укажуваат дополнително дека налогот за прислушување е даден од власта и е политички мотивиран, спрема меѓународното право, вклучувајќи го и членот 10 од Европската конвенција за човековите права на која Република Македонија е потписничка, органите за правото на слободно изјаснување, може да биде ограничено само под услови пропишани со закон. Во овој случај на прислушување такви законски овластувања нема и затоа нема никакво оправдување за овој незаконски чин.

Дописот завршува со следното:

Затоа артикал 19, тоа е најпознатата меѓународна организација за заштита на правото на слободно искажување, Ве повикува да отпочиневте итна истрага и да откриете дали укажувањата дека прислушувањето го извршила полицијата, се вистинити и ако се, одговорните за овој упат и нарушување на приватноста, за ова нарушување на правото на слободно истражување или изразување, да се изведат пред лицето на правдата.

Што ние правиме цело време? Правиме да ја замаглиме работата, да ја одложиме истрагата, да се лоцираат наредбодателите, извршителите, да се повикаат на политичка одговорност и на кривична одговорност.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам за тишина.

Ако продолжите така да знаете ќе ја прекинам седницата. А на г-динот Ханџиски да му кажам едно. Тој прочита што треба да работиме, а не тој што сака.

Има збор пратеникот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Фактички што правиме цело време? Се прави простор за лидерот на СДСМ г-динот Црвенковски. 18,00 часот е , сега е шпиц сите гледаат телевизија, кога ќе се настапи да се има соодветен ефект. Тоа е целата работа. Но тоа е дел од политичката игра и добра игра, мора да се признае. Тоа е партиска стратегија и претпоставувам дека г-динот Црвенковски ќе излезе со еден добар настап, нели она што значи партиски интерес на СДСМ.

Пред се да му се заблагодарам на г-динот Наќе Стојановски за "добрите намери" што ги дава за состојбите на ВМРО-ДПМНЕ. Проблемите на ВМРО-ДПМНЕ доколку постојат тоа се внатрешни проблеми и ќе ги решаваме на некоја од форумите на партијата.

Она што го цитиравте од г-динот Новковски, не знам дали е така, текстот не сум го читал, а не е ни битно во моментов. Можеби тоа се негови видувања со кој можеме да се согласуваме или да не се согласуваме.

Реплика или одговор зошто е закажана седницата после месец дена? Затоа што мораше да помине низ парламентарната Комисија, Комисијата на ДБК и тоа беше минималниот рок за кој ние ја завршивме работата, за разлика од периодот,еве ќе се вратам наназад за периодот 1991-1992 година каде што некаде 400 до 450 дена чекавме за аферата "Сина Птица" и "Дувло". Направете една мала паралела, мала споредба. Значи бевме максимално фер, отворени, транспарентни. Комисијата ја водеше г-динот Љупчо Поповски. Тоа што го изработивме тоа е тоа. Така да, да се повикувате дека некој сака да ја забучи, да ја одложи расправата, воопшто не е точно. И Вашето присуство на оваа говорница по точката кој е актуелна говори дека никој нема намера од парламентарното мнозинство да ја стави оваа точка атката. Народот, велите е понижен со аферата, навреден поради

прислушувањето, но, јас уште една работа ќе Ви кажам. Народот исто така беше понижен поради аферата "ТАТ" поради атентатот на Киро Глигоров, каде што беше понижена и македонската држава, поради приватизацијата која 90% беше извршена во ваше време. не само што беше понижен и увреден туку му беше срушено и достоинството. И тогаш прислушувавте, ја спомнав аферата "Сина Птица! и така натаму.

Точно е дека Комисијата лоцира дека постои неовластено прислушување. Никој од тоа не бега, но мора да се констатира од каде е вршено прислушувањето. Аргументи мора да се понудат. На такви аргументине како членови на Комисијата не наидовме, ниту на писмени ниту на усмени. Според тоа потегот е , господа, кај Вас, да излезете со сведоци , со луѓе, доколку постои наредбодатели во одредени институции на државата, да го извадите, да проговори јавно, а после тоа можеме да разговараме во еден сосема друг правец. До тогаш сето тоа што го пласирате го прифаќам едноставно како партиски маркетинг, да не кажам како памфлет.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Г-дин потпретседател, јас мислам претходниот дискутант кој говореше, со годината и со датата не се согласува апсолутно за министерката затоа што 19 јануари 2000 година г-ѓата Доста Димовска не беше тогаш министер за внатрешни работи, беше потпретседателка Влада. Слободно можете да проверите. Можете и во стенографските белешки да проверите. Грешка е.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има реплика пратеникот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Се знае на кој начин работеше Комисијата за контрола на ДБК и таа комисија излезе со заклучоци пред Собранието. Тие се многу јасни и прецизни и нема што многу да филозофираме околу нив. Му реплицирам на г-динот Ханџиски, за да се знае кон кого се упатени зборовите.

Г-дин Ханџиски, на 17 ја објавивте аферата, не знаеме од кои причини затоа што имаме потврда како Комисија дека материјалите сте ги имале во ноември минатата година односно дека г-динот Црвенковски ги имал материјалите во ноември минатата година и му ги покажувал на г-динот Тупурковски.

(Од место се јавува г-динот Ванчо Чифлиганец со забелешка дека г-динот Филип Петровски не зборува процедурално).

Г-дин Чифлиганец, не е процедурално, јас реплицирам и за реплика се јавив.

Значи г-динот Црвенковски не ги објави овие работи од ноември до јануари. Од јануари до сега ние работевме.

Сега има еден многу интересен момент артикал 19, на 19 јануари веќе излезе со ставови што ги прочита г-динот Ханџиски и баш за тоа сега сакам да дискутирам односно да реплицирам.

Вие како партија секогаш се спротивставувате на тоа, нели меѓународни организации, дека многу сме биле податливи за надвор,дека марионетска Влада имаме, и не знам што. Сега одеднаш кога имате во интерес нешто што Ви одговара, од надвор, цело ни го прочитавте, ги поминавте минутите што ви беа дозволени, но еве, нема проблем, нека знае јавноста. Меѓутоа, ако Вие инсинуирате на таков начин , нели можам јас да кажам дека Вие во ноември на артикал 19 сте ги пратиле разговорите за они да можат на 19 јануари да излезат со толку комплетен извештај. Како успеат толку брзо се да согледаат. Ние во Комисијата се потепавме од работа и не можевме да дојдеме до заклучоци пред да видиме се. Како они најдоа се и тоа надвор од државата. Ако е тоа завера против ВМРО-ДПМНЕ тогаш ви е успешно, мислам до објавувањето на аферата. Од тогаш наваму не е баш успешно.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Второ, господинот Љубомир Поповски 14 дена не ја свикал Комисијата, откако го исцрпевме она што го интересира СДСМ. Користам можност да го поканам да ја свика Комисијата, затоа што имаме многу обемен материјал кој што може да направи паралела со ова што денес го расправаме, па да го завршиме и тој материјал, да видиме која власт каква е, која власт има докази а која нема, кој бил прислушуван и следен а кој не бил, кој монтирал афери, а кој не монтирал. Значи, јас не инсинуирам, меѓутоа, факт е дека 14 дена не се свикува Комисија, дека вие правите опструкција и го развлекувате она што сакаме да го завршиме како работа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Деловнички за збор се јави господинот Данило Глигороски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ:**

Господине потпретседател, тоа што реагирав пред малку, и покрај мојата реакција, господинот Ханџиски во првиот дел, не знам дали внимаваше или можеби сепак сакаше да продолжи со својата дискусија, практично реагирам на стилот како може да се реплицира кон сите, воопшто да не биде концентрирана репликата кон било чија дискусија, туку едноставно само да се излезе, да се употребат тие пет минути практично за своја дискусија, а не реплика, да се каже дека јас сакам да дојдам до својата точка или дискусија, она што сакам да го кажам, а кон никого да не биде насочена таа реплика. Тоа во Деловникот го нема. Ако се реагира како реплика, се реагира на реплика на нечиј говор или на нечии искажувања, а не чисто да си го кажам своето мислење во еден говор од пет минути. Значи Деловнички тоа тотално отстапува од она што е зацртано во Деловникот. Мислам дека такви дискусии и такви општи реплики има и дури кога беше реакцијата, ја разводнуваме дискусијата, не е точка на дневен ред ова или она, практично такви мали дискусии од по пет минути исто така придонесуваме за разводнување на дискусијата. Мислам дека Деловнички навистина ако некој реплицира треба да реплицира кон некого, а не така општо.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јави господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Се откажувам, бидејќи сум на ред за дискусија, ќе имам можност да се искажам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јави господинот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Со цел респект кон чесните намери на пратениците од СДСМ, повторно ќе кажам и со целиот респект кон нивните професорски титули, неколку кои што ги имаат, но би замолил правилата на однесување, правилата на говорење, правилата на движење во Собранието, нека си го прават тоа, нека ги советуваат и нивните професорски титули нека им ги наметнуваат на своите студенти на универзитетот или пак на координација нека си ги координираат така, нека им држат такви часови на своите сопартијци и колеги во пратеничката група. Многу невкусно се чувствува останатиот дел од Собранието кога било кој од нив ќе излезе и нам ни држи предавање како ние треба да се однесуваме, за што смееме да зборуваме, а за што не смееме да зборуваме, како треба да ни бидат движењата, а некои си дозволија да ни држат предавања како треба да ни изгледа и партијата, во кој правец треба да се движи, со кого треба да соработува партијата, кои ни се добри членови или не.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине потпретседател, дами и господа пратеници, не знам дали ова беше реплика, процедурално или говор на господинот Ханџиски, се повикуваше во име на народот, дека народот е згазен, навреден и друго. Мислам дека ние претеравме со оваа седница и дека епилогот како ќе заврши. Му здодеавме на народот и трошиме пари. Ако е во тоа дали и кој е попопуларен, мислам дека му здодеавме на народот како пратеници. Ова што во принцип сакаше да го навести господинот Ханџиски, мислам дека многу почесно ќе беше да се доаѓа редовно на Парламентот, да доаѓа на работа, да дискутира, да се вклучи во законите, а не доаѓа во шест месеци еднаш и сега ни држи демагогии.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со тоа завршивме со репликите.

Сега се враќаме на утврдениот дневен ред за дискусија.

Има збор госпоѓицата Радмила Шеќеринска.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Го користам правото за замена сега да дискутирам.

(Прашање од некој од пратениците какво е тоа право, на што уследи одговор од господинот Црвенковски "такво,кое што сите го користевте).

Господине потпретседател, почитувани пратеници,

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Извинете, Бранко, јас мислам дека се јави за говор господинот Халили, извинете.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Се искористи во неколку наврати, во текот на оваа седница, можноста, во име на некои пратеници од одредени пратенички групи други пратеници од истите

пратенички групи да добијат збор и тоа веќе беше практика создадена на оваа седница. Сега на ред според исписот што е даден е Радмила Шеќеринска, таа се откажува во корист на тоа јас да добијам збор.

Благодарам.

Господине потпретседател, почитувани пратеници, не случајно обелоденувањето на оваа груба злоупотреба и брутална повреда на човековите права на политичките слободи, на Уставот и законот предизвика толку голем интерес во јавноста, кој еве дури ни после месец и половина од обелоденувањето не спласнува и не стивнува.

Прислушувањето на телефонските разговори на стотици наши граѓани, политичари, новинари, стопанственици не треба да го третираме и анализираме како појава сама за себе, иако и како таква е скандал од невидени размери. Секој посериозен пристап всушност преку оваа афера ќе го отвори клучното прашање за сите нас, за целата наша држава, за нашата иднина: Дали е Македонија всушност македонска и демократска држава.

Погледнете го за момент еден од заклучоците на Комисијата за контрола над работата на ДБК и Агенцијата за контраразузнавање, со кој сопре информацијата доставена до ова Собрание се согласиле сите членови на Комисијата, и оние од власта и оние од опозицијата, а тоа е дека прислушување во Македонија имало, дека по својот опфат било масовно и дека било политички мотивирано. Ако овој факт е неспорен и ако околу него постои целосен консензус, а низ дискусиите што досега се водеа во ова Собрание никој не го оспори, тогаш логичкиот заклучок е дека демократијата во Македонија е сериозно загрозена. Во овој момент не навлегувам во прашањето од кого, кој е генераторот, кој е причинителот на тие појави и процеси, на што ќе се навратам нешто подоцна. Само констатирам едно сознание од кое никој не може да побегне или на било кој начин да го релативизира. Ако на ова го додадеме искуството од двата последни изворни циклуси, претседателските избори 1999 и локалните избори 2000 година, со сите нерегуларности, насилства, повредувања и убиства, тогаш сликата е комплетна во Македонија демократија нема. Тука објаснувањата од типот во Македонија медиумите пишуваат што сакаат, или од типот опозицијата може да зборува што сака не помагаат затоа што и во Србија под режимот на Милоевиќ медиумите пишуваа, опозицијата зборуваше, па никој здраворазумен не поверува дека Србија е демократска држава.

Од друга страна, за една мала и млада држава како што е Ма-кедонија демократијата не е прашање на избор, туку нејзина судбина. Македонија, или ќе биде демократска или самото нејзино опстојување ќе биде доведено во прашање. За Македонија нема успешна економија без демократија, нема социјална сигурност без демократија, нема меѓуетнички мир и разбирање без демократија, нема интегрирање во Европската Унија или НАТО алијансата без демократија.

Затоа, почитувани пратеници, расправата на оваа седница не е само расправа за прислушувањето, туку е пред се расправа за демократијата и нејзините шанси во нашата држава. А тие шанси зависат од нашата подготвеност и одговорност да и погледнеме на вистината во очи и да се соочиме со неа, без разлика колку е болно или непријатно тоа чувство.

Внимателно следејќи ги бројните изјави, соопштенија и самите дискусии на оваа седница, можам да заклучам дека главните разлики меѓу нас, вас од позицијата и нас од опозицијата, не се околу тоа што ни се случува во државата, туку околу прашањето кој е виновникот за сето тоа, така, за опозицијата најголем дел од медиумите, огромен процедура од граѓаните дилема нема, власта е таа која ги генерира овие појави, таа ги злоупотребува можностите, го крши Уставот и законот, таа ги руши демократските начела, таа ја одзема приватноста на луѓето и ги гуши политичките слободи.

Од друга страна, за владејачките партии сето зло, како што би рекол еден претставник на најголемата партија во власта, произлегува од опозицијата или поточно од СДСМ. Таа ги фалсификува изборите, таа предизвикува насилство на избирачките места, таа се тепа самата себе, таа пука во своите активисти, а еве на крајот таа самата себе и се прислушува.

Погледнете ги сите можни одговори кои во различни варијации можевме да ги слушнеме од страна на власта во овие шест недели.

Првиот можен одговор: опозицијата набавила паралелна опрема за прислушување и таа го правела сето тоа.

Вториот одговор е прислушувањето можеби се вршело во МВР, ама од страна на заостанати структури и по наредба од надвор - читај од опозицијата - и без знаење на претпоставените.

И третиот одговор: прислушувањето го вршеле странски служби, а потоа исписите ги доставија до опозицијата во Република Македонија.

Дозволете кратка анализа на секоја од овие можни варијанти.

Прво, ако опозицијата, во случајот СДСМ, набавила и инсталирала опрема за масовно прислушување, обучила и ангажирала стотина луѓе кои тоа ќе го реализираат и седум месеци наназад ја слуша цела држава, а власта за тоа ниту има поим, ниту може да го открие, ниту може да го спречи, тогаш господа од власта, ништо друго не ви останува, освен сите до последниот да извршите колективно харикири на Плоштадот "Македонија". Цел живот сум посакувал барем по една работа Македонија и ние Македонците да бидеме единствени во светот. Значи, да има барем една работа што можеме да ја направиме само ние и никој друг и со тоа да се гордееме. И еве конечно дојде тој ден. Ние сме единствените во светот каде било кога во историјата до сега, бидете убедени и отсега во иднината, опозицијата е таа што ја прислушува и власта и самата себе, а власта нема поим. Таков друг пример во светот и во историјата на светот не постои, ниту ќе се случи. За ова филмови треба да се снимаат.

Втората варијанта е дека прислушувањето сепак се случило во МВР, но по наредба на некого од надвор, во случајот на некој од СДСМ и без знаење на претпоставените во МВР. Што значи тоа конкретно? Дека на пример во еден конкретен пример за време на локалните избори стотици телефони се ставени на обработка, тоа значи дека разговорите се прислушувани, снимани и стенографски симнувани од хартија, во истиот тој период, и дека тоа се работело 24 часа на ден. Значи огромен број на луѓе во три смени работеле турбо, под полна пареа со денови, а претпоставените во Министерството значи ниту министерката ниту началникот на Управата, ниту началниците на секторите не знаеле што им се случува со опремата и во зградата каде што се претпоставени. Сега се поставува логично прашање дали тие луѓе воопшто се појавувале на своите работни места во тие денови, дали воопшто влегувале во зградата, дали воопшто знаеле што им работат луѓето, за што примале плата, каде го трошеле своето време. Ова е уште една тема за посебен филм.

Третото прашање или можеби третиот можен одговор е најинтересен. Тезата е: прислушувањето го правеле странски служби. Ај да видиме кои се тие можно странски служби што можеле да го објават прислушувањето на територијата на Република Македонија. Да тргнеме по некоја логика дека тоа не се некои африкански или азиски земји кои што немаат ниту интерес ниту присуство во овој регион. Да тргнеме од соседите. Дали Албанија е таа држава што прислушувала на територијата на Република Македонија и потоа разговорите ги дала на СДСМ. Ако сметате дека е ајде да го отвориме тоа прашање. Дали е тоа Бугарија, дали Бугарија на територијата на Македонија прислушувала и потоа сознанијата до кои дошле ги ставиле на услуга на опозицијата, односно на СДСМ. Грција ли е тоа? Србија ли е тоа, бидејќи најмногу алузии на тема се правени. Знаете ли вие односно вие би требало да знаете подобро од нас, од опозицијата, колку НАТО војници има на територијата на Македонија, какви се инсталации во човечки потенцијал, во опрема, во оружје на територијата на Република Македонија има инсталирано НАТО во последниве година две. Можно ли е српската служба да прислушува се во Македонија, покрај толку американци, Германци, Французи и Англичани, значи можно е и нив да ги прислушувале, никој во оваа држава да не знае и конечно вистинските докази да дојдат во рацете на СДСМ. Па со тоа би настанало паника. Тие не дозволуваат на територијата на Србија да се случува, а камо ли на територијата на Македонија. Има и друга можност. Да не случајно од тие странски служби потекнуваат од членките на НАТО алијансата, да не го прават тоа американците, некоја од европските држави или можеби сите тие заедно и координирано, слушаат се во Македонија и на крајот сето тоа го даваат во рацете на СДСМ. Или со други зборови, како што пред малку рече господинот Филип Петровски, да не се работи за некој светски заговор за рушење на Владата на господинот Георгиевски. Тоа би било многу интересно да речеме.

Почитувани пратеници, во серија изјави дадени во јавноста во изминатите недели, а и во повеќе дискусии на самата оваа парламентарна седница, од страна на претставници на владејачките партии во обидите, по мое мислење, крајно неуспешни да се направи некаков вештачки баланс меѓу оваа груба злоупотреба од страна на власта, оваа најголема досега афера и скандал со некое слично однесување на претходната власт, беа набројувани различни настани. Многу често се споменуваше аферата "Сина птица". Неа ја

споменуваше во повеќе наврати и претседателот на Собранието Стојан Андов, а исто така и господинот Георгиевски, кој дури во своето обраќаше пред ова Собрание на оваа седница, во врска со аферата "Сина птица", ќе рече, цитирам: "Во таа афера имавме снимка каде што вашиот началник на ДБК на членови на ВМРО-ДПМНЕ тогаш со формални книшки им кажува дека нивната воена структура која ја формираа во тоа време, не се сеќавам на името" па потоа додава "национална гарда на Македонија треба да убива, ако треба и премиерот на државата и претседателот на државата аи министри во интерес на Република Македонија. Тоа целата македонска јавност го виде на видео касета. Луѓето што тоа го оспоруваа беа високи претставници, ако не и началници на државната безбедност во тоа време", (затворен цитат).

Иако е сосема јасно дека самото спомнување на оваа афера е еден провиден обид на власта да се дефокусира вниманието од она за што е свикана оваа седница и што веќе шест недели ја преокупира целата македонска јавност, сепак, кога некој толку ревносно и толку упорно се повикува на таков аргумент, јавноста заслужува да ја знае целосната вистина.

Аферата "Сина птица", господа Андов и Георгиевски и вие почитувани пратеници, се објавени во јавноста на 6 јуни 1992 година. Тогаш претседател на Владата на РМ беше Никола Кљусев, а претседател на Собранието ан РМ Стојан Андов, додека Бранко Црвенковски беше обичен пратеник во овој Парламент и тоа остана се до 4 септември 1992 година, кога беше избрана првата политичка Влада во Македонија.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:** (продолжение)

Оттука прашањето зошто оваа афера не била расчистена до крај адресирајте го таму каде му е местото на вашиот, а не нашиот Никола Кљусев и во еден период нашиот, сега вашиот, а утре кој знае чиј Стојан Андов.

Што се однесува до изразот употребен од Георгиевски вашиот началник на безбедноста или уште погрубите и погнасни квалификации од типот четнички групи во МВР, измеќари на Милошевиќ, заостанати структури од комунизмот и слично кои ги слушавме и читавме во соопштенијата крајно координирани и хармонизирани на Димовска, Мендух Тачи и портпаролот на Владата Милошоски. Сакам да ве потсети и вас и целокупната јавност на неколку непобитни факти.

Поранешниот потсекретар или шеф на државна безбедност Слободан Богоевски и поранешниот потсекретар односно шеф на јавна безбедност Павле Трајанов кој подоцна стана и министер за внатрешни работи во владата на Георгиевски не беа на тие функции затегнати од претходниот еднопартиски систем или да ги употребам вашите омилени изрази, тие не се наследство од старите измеќарски четнички структури. Напротив, токму во тој период по случајот 8-мина од МВР, тие беа санкционирани и ставени на страна на службата.

Слободан Богоевски на функцијата шеф на државна безбедност и Павле Трајанов на функцијата шеф на јавна безбедност се поставени за прв пат во својата кариера со одлука на Владата на Никола Кљусев, истакнат член на ВМРО - ДПМНЕ, а на предлог на покојниот Јордан Бијалков исто така истакнат член на ВМРО-ДПМНЕ и министер за внатрешни работи во експертската влада.

Значи, почитувани господа не ги наследивме Богоевски и Трајанов на тие функции вие од никого не ги наследивте, туку обратно ние ги наследивме од вас и тоа како ваш партиски избор, освен се разбира ако не ја преминете линијата на абнормалност па почнете да тврдите дека Кљусев и Мијалков не се ваши партиски луѓе, туку се фрлени елементи од СДСМ што како можност од ваша страна апсолутно не ја отфрлам уште повеќе заради фактот што се до ден денеска не можам да си го објаснам мотивот зошто на листата на прислушување биле ставени и Никола Кљусев и синот на покојниот Јордан Мијалков, Сашо Мијалков и внукот на покојниот Јордан Мијалков, министерот за финансии Никола Груевски.

Почитувани пратеници во изминатите шест недели една од најчесто повторуваните тези од страна на министерката Димовска, од портпаролот на Владата Милошоски и од самиот Георгиевски беше дека цитирам: "Никој претставник на власта не дал писмен налог или писмена наредба за прислушување на политичари, новинари и јавни личности'.'Со други зборови тактиката е следната: не постои пишан документ со потпис и печат, значи не постои ниту прислушување. Тоа што стотина луѓе ја потврдија автентичноста на разговорите не вреди ниту пет пари, тоа е колективна халуцинација или почесто од ваша страна употребуваниот збор колективна хистерија. Меѓутоа, ајде да направите една мала ретроспектива на една

од ПРЕСС конференциите СДСМ презентираше писмена документација каде се гледа дека и со потпис и со печат донесено е решение за прислушување на сопственикот и главен и одговорен уредник на дневниот весник на албански јазик "Факти" - Емин Аземи и тоа по основ екстремизам и тероризам. Обработката на предметот под псевдоним "Железничар" отпочинала во времето на министерисувањето на Трајанов, а продолжува и во времето на Димовска. Значи, таа ја прифатила и оправданоста и основот за прислушување екстремизам и тероризам.

На истата прес конференција беа презентирани и два исписи од прислушувани и снимани разговори. Едниот со Борис Трајковски од времето на Павле Трајанов и другиот со Арбен Џафери од времето кога министер била Доста Димовска. Овој материјал веднаш по таа прес конференција го доставивме до Јавното обвинителство и се до овој момент не знаеме која е неговата судбина. Во врска со овој материјал во Информацијата на Комисијата за контрола на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање доставена до ова Собрание на страница 7 стои цитирам: "в.д. директорот на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање изјави дека доставените материјали за прислушување од страна на СДСМ не соодветствуваат со репродукциите од МВР кои се водат под псевдоним евидентен број и датум освен предметот под псевдоним "железничар" евидентен број 1207 датум 3.12.1999 година и 24 јануари 2000 година, каде предлогот и решението се веродостојни, но не и разговорите.

Со други зборови предметот "железничар" каде се обработувал односно прислушувал главниот и одговорен уредник на ФАКТИ постои, но не постојат разговори на Трајковски и на Џафери со дотичниот господин Емин Аземи.

Во врска со тој разговор г-динот Трајковски изјави дека заради поодамнешниот датум не може да ја потврди автентичноста на разговорот. Господинот Арбен Џафери од друга страна кој во врска со аферата прислушување даде десетина изјави и интервјуа и тука од Македонија и надвор од странство воопшто не ја коментираше содржината на својот разговор претпоставувам дека и тој не може да ја потврди автентичноста на содржината.

Георгиевски во своето обраќање пред Собранието изјави, парафразирам за да го скратам времето дека таков предмет постои, дека тој е отворен од Трајанов што е уште една потврда дека добро постапил што го разрешил, како да Трајанов бил министер во нечија туѓа, а не негова Влада и притоа Георгиевски не потроши ниту еден збор објаснување зошто мерката прислушување под исто образложение и основ продолжува да се применува и во времето на Доста Димовска. Како и да е сега во врска со овој документиран и архивиран предмет ја имаме следната ситуација.

Прво, главниот и одговорен уредник на весникот"Факти"-Емин Аземи, бил ставен на третман за прислушување по основ екстремизам и тероризам.

Второ, примената на мерката ја отпочинал Трајанов, а ја продолжила Димовска.

Трето, во досието на ДБК презентираните разговори во јавноста на Трајковски и Џафери не постојат, ги нема.

Четврто Трајковски и Џафери на овие разговори не се сеќаваат и не ја потврдуваат нивната автентичност. Внимавајте, ова се единствени те разговори за кои постои писмен налог. Нив ги нема во Архивата, а соговорниците не се сеќаваат на тие разговори. Заклучок, СДСМ ја манипулира јавноста и истражните органи, знаејќи дека постои по било кој основ од било која информација заверен предмет под псевдоним "железничар", конструира односно измислува лажни разговори кои во реалноста не се случиле, па согласно тоа и не постојат ниту во досието односно во Архивата на МВР. Тоа значи дека Бранко Црвенковски лаже или пак самиот е заложник и изманипулиран од страна на анонимниот извор. Навистина за мене лично и за нас како партија крајно непријатна ситуација или како што би рекол Георгиевски се наоѓам во гадна каша од која тешко ќе излезам. На тоа Крале Спанчески ќе отиде чекор понатаму па ќе рече Бранко зад решетки. Но, што се случува? Старите велат"ако баба лаже рог не лаже".

Ова што е во моите раце е касета (ја покажува касетата) аудио снимка од тој непостоечки, лажен од наша страна измислен, исконструиран телефонски разговор помеѓу Борис Трајковски и Емин Аземи.

пратеникот Филип Петровски од место вели да ја слушнеме, а Бранко Црвенковски му одговара може да го чуеме само донесете касетофон . )

Гласовите се нивни, а содржината на разговорите е до последната запирка точна.

Значи, таков разговор постои, еве го, тука е. (пак ја покажува касетата) И не само тоа, тој е прислушуван и сниман. Убеден сум дека и Трајковски откако ќе си го препознае гласот, а ќе му ја дадеме касетата на Трајковски веднаш на крајот од оваа седница и откако ќе ја ислуша касетата но касетата многу брзо и многу лесно се потсети на содржината и ќе ја потврди автентичноста на овој разговор. Сега се поставува клучното прашање кој ги извлекол и скрил исписите од овие телефонски разговори од ова заверено и со евидентен број документирано досие во МВР. Кој и по чија наредба ги прикрил и уништил доказите и со самото тоа направил тешко кривично дело.

Значи, почитувани пратеници, дури и ако постои писмена документација тоа ништо не значи затоа што таа е уништена и евакуирана од кого, ако не од оној што прислушувањето го направил, од оној што кривичното дело го скрил. Иако не би сакал да ја напуштам централната тема на оваа седница, сепак сосема накусо би се задржал на уште едно многу битно политичко прашање.

Имено, ако во МВР во време и од страна на Владата на Георгиевски е отворена обработка на главниот и одговорен уредник на ФАКТИ Емин Аземи, под образложение екстремизам и тероризам тогаш дали може по истата логика да се заклучи дека и уредувачката политика на овој весник ги заслужува истите квалификации и уште повеќе ако на пример постои политичка партија блиска со уредувачката политика на факти, дали и нејзиното дејствување се подведува според Владата на Георгиевски под истите рамки и карактеристики односно дејствувања од позиција на екстремизам и тероризам. Велам, ако има таква партија, не знам, вие или некој од вас може би подобро знаат. Дали знаете каква беше реакцијата на весникот ФАКТИ кога јавно се објавени дека под вакво образложение бил прислушуван нивниот главен и одговорен уредник. Никаква. Немаше реакција. Знаете ли каква беше реакцијата на ДПА по обелоденувањето на овој предмет? Никаква. Немаше никаква реакција. Се разбира, ако не се смета силното залагаше на Мендух Тачи по секоја цена Доста Димовска да остане не министерската функција дури и како неопходен предуслов да се постави опстојувањето на владината коалиција. Меѓутоа, на што се должи оваа силна доверба и љубов, ќе разговараме во некоја друга прилика. Сега само патем ќе напоменам дека пред два дена се навршија точно пет месеци од убиството на Фатмир Јакупи во село Кондово, обвинети нема, приведени нема, судска постапка нема, нема ништо друго освен релаксирани меѓуетнички односи во Македонија.

Почитувани пратеници да се вратиме сепак на темата прислушување. Во една работа веројатно после толку повторување никакво сомневање не постои. Имено, писмени налози потпишани од Доста Димовска за прислушување на политичари, новинари и јавни личности не постојат и што би рекол Георгиевски се додека не бидат приложени други докази единствениот виновник за прислушувањето е Бранко Црвенковски. И не само тоа, туку доказите и сведоците за евидентно направеното кривично дело не треба да ги прибира никој друг, туку оној што кривичното дело го обелоденил значи, опозицијата. Со други зборови апсолутно е непотребно постоењето на МВР, на јавно обвинителство, на дирекции, на Агенции. Џабе овој народ плаќа даноци, џабе финансира институции. Тогаш кога власта крши Устав и закон, кога власта чини кривични дела нивното разоткриваше не е задача на институциите, туку граѓаните, медиумите и опозиционите партии треба да се самоорганизираат според зборовите на власта и да го супституираат системот. Тоа е пораката што ни ја упатува оваа власт со сите свои изјави,некој од вас може би подобро знаат. Дали знаете каква беше реакцијата на весникот ФАКТИ кога јавно се објавени дека под вакво образложение бил прислушуван нивниот главен и одговорен уредник. Никаква. Немаше реакција. Знаете ли каква беше реакцијата на ДПА по обелоденувањето на овој предмет? Никаква. Немаше никаква реакција. Се разбира, ако не се смета силното залагаше на Мендух Тачи по секоја цена Доста Димовска да остане не министерската функција дури и како неопходен предуслов да се постави опстојувањето на владината коалиција. Меѓутоа, на што се должи оваа силна доверба и љубов, ќе разговараме во некоја друга прилика. Сега само патем ќе напоменам дека пред два дена се навршија точно пет месеци од убиството на Фатмир Јакупи во село Кондово, обвинети нема, приведени нема, судска постапка нема, нема ништо друго освен релаксирани меѓуетнички односи во Македонија.

Почитувани пратеници да се вратиме сепак на темата прислушување. Во една работа веројатно после толку повторување никакво сомневање не постои.

Имено, писмени налози потпишани од Доста Димовска за прислушување на политичари, новинари и јавни личности не постојат и што би рекол Георгиевски се додека не бидат приложени други докази единствениот виновник за прислушувањето е Бранко Црвенковски. И не само тоа, туку доказите и сведоците за евидентно направеното кривично дело не треба да ги прибира никој друг, туку оној што кривичното дело го обелоденил значи, опозицијата. Со други зборови апсолутно е непотребно постоењето на МВР, на јавно обвинителство, на дирекции, на Агенции. Џабе овој народ плаќа даноци, џабе финансира институции. Тогаш кога власта крши Устав и закон, кога власта чини кривични дела нивното разоткриваше не е задача на институциите, туку граѓаните, медиумите и опозиционите партии треба да се самоорганизираат според зборовите на власта и да го супституираат системот. Тоа е пораката што ни ја упатува оваа власт со сите свои изјави.

Меѓутоа, ајде да видиме дали Георгиевски и Димовска го избраа најдобриот начин за одбрана пред аргументите и фактите во целата оваа афера.

Пред мене се наоѓаат исписите од прислушувани, снимани и симнати на хартија телефонски разговори во кои како соговорници се среќаваат во два телефонски разговори Борис Трајковски. Господине потпретседател не забележувајте, во еден телефонски разговор Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија. За да немате никаква дилема г-дин Стојановски разговорот сте го воделе на 13.03.2000 година, значи во времето кога Доста Димовска била министер за внатрешни работи во Владата на Република Македонија.

Понатаму, еден телефонски разговор на Димитар Димитров, поранешен министер за култура во Владата на Георгиевски, а сега амбасадор на Република Македонија во Руската Федерација. Сите овие телефонски разговор се прислушувани, снимани и испишани на хартија врз основа на регуларно отворен и заведен предмет во архивата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање под псевдоним "осило". Зошто осило го избрале како термин можеме само да претпоставуваме.

Предметот е работен врз основа на одобрен предлог и издадено решение. Потписник и на одобрениот предлог и на решението за обработка на предметот "осило" е Доста Димовска, еве го нејзиниот потпис , еве го неопходниот печат.

(го покажува предметот).

Сега што правиме? (реакција од пратениците) Значи, почитувани пратеници има писмен налог за прислушување потпишан од Доста Димовска, тој се однесува на конкретен предмет, на предметот под псевдоним "осило" и таму се евидентирани телефонски разговори на Борис Трајковски, Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието и претседавач на оваа седница и Димитар Димитров значи политичари и јавни личности освен ако самите, заради партиска дисциплина, доброволно не се откажат од тој општествен статус дека се политичари,јавни личности. Сега кој лаже? Кој треба да понесе одговорност и да поднесе оставка? За решетките како тема му ги оставам на Крале Спанчевски.

Почитувани пратеници во целиот овој 27-месечен период Владата на г-динот Георгиевски спроведува политика спротивна на волјата, интересите и определбите на граѓаните на Република Македонија и тоа буквално на сите полиња, на планот на економијата, на планот на СДСМ, на планот на демократијата, правната држава, безбедноста и сигурноста и заштитата на националниот идентитет.

Јас сум дефинитивно убеден дека оваа власт повеќе не е ниту заинтересирана за поддршката на граѓаните. Нејзе и е сосема јасно дека таа битка за неа е неповратно изгубена. Оваа власт нема за цел да добие симпатии од народот. Целта на оваа власт е да го заплаши, да го уплаши народот. Од друга страна не клучниот туку единствениот аргумент кој оваа власт го користи буквално во секоја прилика со логика и без логика, оправдано и неоправдано поткрепено и лажно без било каков основ е аргументот ние имаме меѓународна поддршка. Тоа се прави без вкус често пати контрапродуктивно и за власта и за меѓународната заедница. Сосема свесно се форсира една теза дека е единствен гарант за Евроатланското интегрирање на Република Македонија е владината коалиција или поточно речено дворецот ВМРО - ДПМНЕ - ДПА. Сите други, целокупната политичка опозиција, независните медиуми сите поинаку мислејќи од власт поединци се прогласуваат за антиевропски, антиреформски, анти НАТО определени, се етикетираат и дискредитираат. Дури и кога темата за расправа нема никаква логична поврзаност со меѓународната политика каква што на

некој начин и оваа денешнава за која расправаме на оваа седница прислушувањето како грубо кршење на демократијата, човековите права и политичките слободи сепак и во такви? ситуации г-динот Георгиевски не ја пропушта прилика да не потсети колку е омилена оваа Влада кај меѓународниот фактор и колку се искрени и пријателски односите меѓу Владата и дипломатските претставници.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ**: (продолжение)

Така тој, меѓу другото, во своето обраќање пред овој Парламент, на оваа седница ќе рече, цитирам:

"Се отвори кампања врз амбасадорите. Секој амбасадор кој кажа добра реченица за оваа Влада беше мета на најжесток, на најдолен напад во нашите медиуми, повторно ќе кажам под контрола на истата таа опозиција. Не се бира средства во девалвирањето на пријателите на Република Македонија, заборавајќи дека единствена работа дека тие амбасадори не се пријатели на оваа влада затоа што се многу убави (претпоставувам мисли на министрите), туку затоа што сметаат дека оваа Влада прави потези реформски и она што тие едноставно сметаат дека е европеизација и приближување кон евроатланската ориентација".

Што би требало повторно, по стоти, по илјадити пат да заклучиме:

Прво, Владата е реформски и евроатлански ориентирана;

Понатаму, странските амбасадори се пријатели на оваа Влада не заради нејзината убавина, туку заради нејзината оданост, подготвеност и лојалност кон европеизацијата;

Понатаму, опозицијата и медиумите кои се под нејзина контрола, читај имаат критичен став кон потезите на власта, се на спротивна позиција од Владата. Значи, тие се антиреформски, антиевропски и од тие причини се изложени на најдолен и најжесток начин на напади кои доаѓаат од страна на оваа опозиција и овие медиуми, независни, под контрола на опозицијата.

Со други зборови, опозицијата работи против интересите на државата, а власта, бранејќи ги тие интереси успеала да изгради односи на целосна доверба и пријателство со странските амбасадори.

-Почитувани пратеници,

Во моите раце е испис прислушуван, сниман, преведен и симнат на хартија, телефонски разговор воден помеѓу амбасадорот на САД во Република Македонија Мајк Ајник со амбасадорот на Република Италија во Република Македонија Антонио Тарели.

Следува испис од прислушуван, сниман, преведен и симнат на хартија телефонски разговор помеѓу амбасадорот на Република Франција во Република Македонија Жан Франсоа Терал со амбасадорот на Сојузна Република Германија во Македонија Вернер Бурхат.

Следуваат исписи од два телефонски разговори водени помеѓу американскиот амбасадор Ајник и поранешниот француски амбасадор Унцигер.

Следува испис од телефонски разговор воден помеѓу францускиот амбасадор Терал и г. Серж Тел од Министерството за надворешни работи на Република Франција.

Еве, почитувани пратеници тоа се пријателските, искрените, исполнети со меѓусебна доверба и почит односи на Георгиевски и Димовска со странските амбасадори и дипломати. Тоа е таа реформски и евроатлански ориентирана влада.

Искрено речено, со овој материјал што денеска ви го презентирав и самиот не знам што да правам. Тој засега и во нашата надворешна политика и во нашата меѓународна позиција и во прашања од витален национално безбедносен карактер. Од тие причини ве известувам дека целиот овој комплет веднаш, по завршувањето на оваа седница на Собранието ќе му го предадам на г. Борис Трајковски. Тој ја врши функцијата претседател на државата и Врховен командант. Тој. според Уставот има директни ингеренции во надворешната политика и во областа на безбедноста и одбраната на Република Македонија. Тој, на крајот на краиштата нека ја презема одговорноста што ќе прави со овој материјал и кои потези понатаму ќе ги влече.

Вам, господине потпретседател ви предлагам, и тоа најдобронамерно, најискрено во овој момент да ја прекинете седницата на ова Собрание. Не заради тоа што истекува времето за денешното работење. Дајте и можност на Владата повторно да се состане и да размисли. Нека седнат Георгиевски и Димовска уште еднаш и нека ги земат предвид сите околности. Работава е премногу отидена. Тука никакви реторички бравури ниту купување на време не помагаат. Доблест е да се почувствува вистинскиот момент кога треба да се

повлечат вистински потези и да се донесат вистински одлуки.

Ако пак овој предлог господине потпретседател, од било кои причини не ги прифатите и не го уважите, си го задржувам правото во подоцнежниот тек на седницата повторно да побарам збор.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, водам седница и имам право да говорам.

Господине Бранко, јас по професија сум адвокат и давам совети.

Благодарам за вашите совети.

Процедурално збор бара г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Согласно Деловникот на Собранието, а во име на пратеничката група на СДСМ, барам пауза од 60 мин.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, една е работа, што сакате ќе ви уважам, само сфатете дека ова не иде така лесно. И Бранко е последен пат што говори овде.

Молам, се јавува процедурално.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Дали ќе се изјасните за мојот предлог?

(Господинот Биљал Лутфии процедурално бара збор).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално се јавува.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

По мојот предлог, да се изјасните јас мислам дека би било најдобро.

(Пратеникот Амди Бајрам, бара збор процедурално).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**

Процедурално бара збор.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Почитуван потпретседател, колеги пратеници,

Би било се во ред, искрено би било, хумано и пред нас овде и пред јавноста, уште малку барем, со една реченица да продолжи г. Црвенковски и пред нас и пред јавноста да каже од кого ги земал тие пишани материјали и тие касети за да така, после расчисти целиот случај.

Уште нешто господине потпретседател.

Уште пред да зборува г. Црвенковски јас се пријавив за збор, но сигурно вие не приметивте таму на екранот.

Пред една недела ние бевме на координација во Претседателството. За жал, координаторот на СДСМ не беше. Барам во име на пратеничката група на ДПА да се придржувате на тој договор. Приближно се договоривме кога се закажуваат седниците од 11,00 часот да работиме до 18,00 часот.

Затоа барам да се прекине седницата.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Процедурално господине претседателе, морам да станам, затоа што тука бев на премиерот местото и не можев да притиснам копче.

Видете господа,

Јас мислам дека овде во Парламентот сите се сослушавме. Добро се одигравме. Саатот е токму, точно кога граѓаните го користат телевизорот, малку се одмараат и ние сега, точно маркетинг овде се сведе и одеднаш партијата СДС бара пауза. Кој шоу сега го правиме према народот, према граѓаните. Ајде да останеме до сабајле и оваа седница да ја завршиме. Бидете толку хумани према граѓаните, да направиме стоп со ова, а не сега Бранко Црвенковски излезе да зборува ...

(реакции во салата, а потпретседателот предупредува на ред со ѕвончето).

Значи, лидерот на СДС излезе, го искористи времето, госпоѓица Шеќеринска, ма да немаше право без претседателот да му даде збор да си заземе збор тука, го искористи времето и од другата страна портпаролот вика пауза саат време.

Ја мислам, дај да дадеме пауза, а не пауза да искочите сите дома сега. Останете, бидете херои на Македонија, како сите што се удирате во гради, да останеме сите до сабајле да работиме, ако треба тука, ќе спремаат јадење овде во Собрание, да ја завршиме седницава еднашка и да ставиме стоп, затоа што многу работи со ова ги оставаме позади.

А, ова на оваа власт, моментална што сега води, нормално на опозицијата и одговара да се одуговлачи, ден уз ден, што повеќе и повеќе да не може напред да се работи. Јас мислам дека претседателот нема да прифати пауза. Уште саат време ќе работиме, па после пауза. А, кој сака нека напушти, како што напуштаа порано.

Благодарам.

(реакции во салата)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Спанчевски.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Сведоци сме на една режија што беше пред малку изведена со самиот настап на г. Црвенковски. Од неговите излагања а и од претходниците на минатите седници имавме сознанија дека од минатата есен се има некаква документација со некакви снимени разговори. Но, впрочем, со самото ваше прислушување што е кажано дека е извршено во март 2000 година, значи прислушувањето се врши од 1998 година наваму, може и 1999 година. Така е. Но, најчудно е што за цело време, значи од 1992 година, точно март или април кога г. Црвенковски е на власт, до ден денеска од септември ние сме сите прислушувани.

Јас реков, тој е повеќе од старател на Македонија. Значи, тој уште ги координира овие кртови подземни и ги собира податоците, сите информации во Македонија. Нормално, тој сака да докаже кој ги има информациите, ја има и власта. Преголемата желба за власт да дојде повторно на власт, само велам го става дали македонскиот народ во кафез и го исповедувал, да не речам со што или треба да се случи тоа што јас претходно му го препорачав на г. Црвенковски.

Како може, тие тврдат и со факти дека, еве, неодамна одржаниот Самит што неодамна се одржа во Македонија, сите странски делегации носеле толку големи опреми за да се заштитат од прислушувањето во Македонија. Не барем Турција, која е 40 пати поголема од Македонија и се стресоа пачавиците од нашето прислушување, односно прислушувањето на г. Црвенковски. Значи, сите делегации на, тоа е нонсенс, а вие поседувате толку големи информации. Па вие работите против сето она, што се вели, безбедносен систем на нашата држава. Вие ги поседувате сите информации. Што сакате да покажете со тоа на македонската јавност? Ги имате, точно е. Вие се бавите со нечесни дела за целото ваше владеење. И сега, сакате да потврдите дека сега некој некого снимал и со еден документ тука, го спомнувате неколку пати, еден ист документ за аферата со тој Железничар"потпишан итн., не знам од која дата. Па, со тоа ништо не потврдувате.

Јас ви реков, за било кој политичар можам да ви го спремам истиот овој материјал и да ви го доставам. Ма, не сниман, какви сакате податоци. Со тоа ништо не докажувате. Тоа е факт. Ова што го изнесувате се само лаги. Па, самата комисија во која вие членувате е потпишана со документи дека воопшто немало доказ за прислушување во МВР. Сега некој лаже. Па еве, докажете го тоа. Ама и вие присуствувате во таа Комисија. Значи, вие потписници на таа Комисијата, давате лажни изјави. А, за лажно сведочење се одговара.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Поповски, вие побаравте 60 мин. пауза.

Јас ќе ве молам да излезете овде и да кажете од која причина барате прекинување на седницата.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседател, ви благодарам за зборот.

Мислам дека вам, како на потпретседател на Собранието ви е совршено јасно дека координатор на пратеничка група може во секое време да побара пауза и дека сте должни да ја дадете, по Деловникот, макар и без образложение.

Меѓутоа, кога инсистирате на тоа, мислам дека на седницата на Собранието во овој момент се изнесени такви факти во врска со точката за која расправаме и сосема нова аргументација, што јас како координатор барам пауза во рокот што ви го кажав, за да можеме да поразговараме за тоа и да продолжиме со работа на седницата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, го изложи ставот што е. Вие, господине Поповски, говорите за некои факти од ваше значење. Дозволете, факти од такво значење да повлечат пауза. Треба да дадете можност и друг да оцени тоа. Јас, вашиот предлог, ќе го ставам на гласање, па ако одлучи ...

(реакции во сала со барања за реплики, а господинот Флоровски бара процедурално).

Процедурално Флоровски

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Еве, во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ние се согласуваме со пола час пауза, да се сублимира она што г. Црвенковски го говореше, но после пола саат да се најдеме овде на клупите и да продолжи расправата.

Благодарам.

(пратеникот Амди Бајрам се упатува кон говорницата барајќи збор процедурално).

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас се сложувам исто за пауза, но нека бидат сите сложни како што сме тука сега, притиснете го дугмето и после да ги прозиваме. А, дневници апсолутно да не се даваат. Да останеме, да продолжиме како што барате. Дневниците да не се издаваат. Нека притиснат дугме, а дневници нема давање. После пола час кога ќе почне седницата, бидејќи сите бараме пауза, пари да не се даваат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ;**

Половина час пауза.

(По паузата).

(Седницата продолжи со работа во 19,35 часот).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Никола Поповски како координатор на Пратеничката група на СДС побара процедурално да објасни зошто е барана паузата, макар што тоа требаше пред одобрение, меѓутоа, повелете.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Потпретседателот направи лапсус, не да образложам зошто јас сум ја барал паузата, туку да го соопштам нашиот став согласно деловодниот.

Господине потпретседател, господа пратеници, господине потпретседател, ќе ве молам да ме слушате внимателно за предлогот што го давам. Пратеничката група на СДСМ одржа состанок во паузата која ја побаравме. На состанокот ја разгледа новонастанатата состојба и новоизнесената аргументација во врска со точката од дневниот ред по кој работиме денес. Врз основа на тоа, а во име на Пратеничката група предлагам на Вас како на потпретседател, Вие за тоа треба да одлучите, и на пратениците во Собранието, предлагам во овој момент да ја прекинеме Седницата на Собранието на Република Македонија по точката на дневен ред и предлагаме да продолжиме со работа во оној момент во кој Владата на Република Македонија односно премиерот и евентуално министерот за внатрешни работи кој е задолжен за тоа, ќе излезе пред Парламентот, веројатно со тоа и пред јавноста, со одговор по аргументите кои беа дополнително соопштени во врска со точката на дневен ред, а со што ќе се сложите дека не се од толку небитен карактер за да можеме да продолжиме со работа без да го имаме тоа предвид. И, затоа, Ве молам да одлучите дали ќе го прифатите нашето барање за прекинување на седницата.

Едновремено, господине потпретседател, би сакал сега во едно друго својство како координатор на групата да продолжам со дискусијава само за една минута. Многу граѓани на Република Македонија ни се јавија во паузата, ова е процедурално, Ве молам, нема да злоупотребам никаква говорница, имајте трпение, тоа никогаш не сум го направил. Се јавија повеќе граѓани да не известат дека за време на дискусијата на Бранко Црвенковски Вие како претседавач на седницата, за среќа или за несреќа пред вклучен микрофон од Ваша страна сте дофрлиле за време на дискусијата, сега се обидувам да цитирам тоа што повеќе ни го пренесоа со истата содржина, дека ова му е на Бранко последна дискусија овде. Па, Ве молам, да се изјасните дали тоа сте го кажале и ако сте го кажале која била намерата тоа да се изнесе на ваков начин, затоа што господинот Црвенковски е пратеник во ова Собрание.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги, барање за одлагање на седницата, затоа што се изнеле многу валидни факти, тоа може само тие да си го ценат дали е валидно. Ако понудиш некој факт да има валидно значење, тоа треба друг да ти го оцени. И, господин Бранко ако сакаше да има валиден документ требаше да ни ги даде изворите и на тие нови факти кои ги нуди. А, техниката за фалсификат денеска е толку силна, што нема потреба да цениме дали некој има или нема. А, она за што ме праша господинот Поповски, има дел од она што го кажавте дека е точно, само реков во вакво својство. Затоа што, некој ако лаже или клевети или изнесува невистинити работи, има одговорност. Нема прекинување на седницата.

За збор се јави господинот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Дали ќе ми дозволите, така, Парламентот е највисоко законодавно тело, т.е. нема повисоко на законодавното тело, па според тоа господинот Бранко Црвенковски сметам дека документацијата која ја понуди од наводното прислушување на амбасадорите, кои доколку е така, една тешка работа, за која во моментот не можам да се изјаснам, треба прво да ги понуди на Комисијата.

Господине Поповски, да Ве потсетам, во текот во продолжението на тие пет седници од Комисијата лично не само јас, сите членови од Комисијата прашаа дали Вие се уште поседувате документи кои не ги обелоденивте, не ги дадовте на она што значи матична комисија. Зошто избегнавте едно такво прашање, зошто ги прикривавте овие документи. Како член на СДСМ, затоа што целосната коресподенција на линија Комисија, документите на господинот Црвенковски одеше преку Вас. Таа е првата забелешка и стои во стенограмите како таква. Може да одговорите, секогаш сум отворен, максимално отворен многу повеќе отколку Вие, работите така течеа, а може и стенограмите да си ги видите. Тоа е првата работа.

Втората работа господинот Борис Трајковски е претседател на државата и тоа е факт, но не е ни член на Парламент, не е член на Комисија. Ние сме луѓето, ние седум избрани кои утре може и да не сменат, ништо страшно не е тоа, кои можеме полноважно да разговараме, да излеземе со известување и заклучоци она што го понудивте. Лично како Александар Флоровски, човек кој себеси се смета за максимално искрен, смета дека во врска со овие документи господине Црвенковски Вие блефирате. Во врска со документите по прислушувањето на амбасадорите. Што е целта? Целта е едноставна и проста. Да се инволвираат сите големи сили кои нешто значат во светот, почнувајќи од САД, Германија, Франција итн., да се создаде одредена негативна клима и нормално да се изврши одреден политички притисок, кој утре ќе се валоризира или со пад на министри или со пад на влада. Многу едноставно, многу просто и многу логично. Многу логичен потег можеби од Ваша страна, каде е фабрикувано не можам да тврдам. Но, имам одредени сознанија кои исто така сигурно ќе ги негирате, дека одредени структури кои веќе не се на власт ниту во северната држава, ниту овде за добри пари продаваат одредена документација. Јас не реков дека Вие сте ги купиле, но имам сознанија, се говори во кулоарите, колку е тоа точно, допрва треба да се докаже. Не јас, претпоставувам Министерството за внатрешни работи и правосудните органи, судската власт, која Вие ја одбравте во 1996 година, ако не се лажам.

И, на крај, не би ме чудело после мојот говор да излезете со нова документација, Не би ме чудело и во обичен потег тоа да го направите. Но, со ништо мене лично нема да ме убедите дека тоа е

валидно, затоа што мора да помине одредена процедура да докажете дали е тоа вистински документ или фабрикуван документ надвор од институциите на системот. Толку сега за сега и исто си го задржувам правото да се јавам за збор, доколку некој друг се јави.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, во право е Никола, имав противење да не се прифати неговиот предлог и истиот го ставам на гласање.

Кој е за, да продолжи седницата, а кој е против да се прекине?

Да гласаме.

Кој е за да се прекине седницата?

Да гласаме.

Од присутни 100 пратеници, вкупно гласале 86. "За" гласале 34 пратеници, а "против" 50 пратеници.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

За збор се јави Делче Ицков.

**ДЕЛЧЕ ИЦКОВ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници,

Навистина се покажа факт дека 10% што ги изложи господинот Бранко Црвенковски, а ги најави 100% и дека има уште 90%, докази почна да ги обелоденува. И, факт е, прво, го напомена господинот Стојановски, амбасадори и следните прислушувања се господинот Љупчо Георгиевски, госпоѓица Доста Димовска како сама се слушала и сите пратеници овдека што се. На тоа одговор не даде. Зошто? Затоа што тие го прават прислушувањето и сите овие документи или фактот што се наведува како логичен е дека тие прислушуваат или е фалсификат. Но, факт е дека следните 90%, се проценти што ќе ги вадат и ќе ги вадат сигурно, докажуваат дека се прислушувани ВМРО-ДПМНЕ и други. А, првите 10% за своја потреба си се прислушувале самите СДСМ. На ова не одговори СДСМ, не одговори господинот Бранко Црвенковски, што значи и во иднина ќе имаме вакви документи, кои јасно и децидно покажуваат дека СДСМ го изврши прислушувањето. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има господинот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Благодарам господине потпретседател, јас на она што го зборуваше Делче ќе го повторам, но пред тоа би сакал да напоменам една работа која што иде во склад со 90-те%, а тоа е следното. Господинот Црвенковски напомена дека сите сили кои што се армиски тука на КФОР, под капата на КФОР, дека имаат такви прислушни, надгледани и не знам какви се уреди, со кои што тие можат веднаш да откријат дали има странско прислушување. Сега, го поставувам јавно прашањето, дилемата кај мене се јавува ако можат од странски служби да ги откријат прислушуваните, како тоа не можат од земјава што се, ако се од земјава, да ги откријат истите. И, ако ги имаат, а сигурно ги имаат, КФОР тие уреди, не можам исто така да поверувам дека, сега ќе земам пример, италијанскиот контингент на КФОР што е тука, знае Д9ка италијанскиот амбасадор е прислушуван и не го информира за тоа. И, понатаму си тера, МВР прислушувал, Димовска слуша на слушалници или го слуша италијанскиот амбасадор, италијанските војници ги имаат тие информации и не го информираат амбасадорот. Тоа никако не можам да го прифатам како така и нема никаква логика во сето тоа на крајот на краиштата. Но, има логика дека, повторно ќе го кажам тоа кое што го кажа и сега, нели, ми ја одзема во најголем дел дискусијата господинот Ицков, она што го тврдев и вчера и денес дека господинот Црвенковски има 100% материјали кои што изнесуваат по број на страни, тогаш ако се бави некоја мала математика околу 1.500 и дека во почетокот господинот Црвенковски се изнамачил да ги оддели тие 150 страници каде што како нема да речам политички маргинали, но сепак, како опозиција многу помалку важни за дејствувањето на државата Република Македонија, закажани како прислушувани и во тие 10% се наоѓаат во прво време го обелоденува прислушувањето на опозицијата и фрла прашина во очите на македонските граѓани дека токму таа СДС и Бранко Црвенковски биле фокусот на прислушувањето. Го спомнувате претседателот на државата, да но, прикажан е како разговара, мислам дека е обелоденет разговор, како разговара токму со господинот Бранко Црвенковски. Ниту еднаш господинот Борис Трајковски ако бил прислушуван како само со нив е прислушуван. Е, сега, доаѓаме до тој момент, пошто имав прилика додека говореше господинот Црвенковски да Ви ги гледам реакциите на изразот на лицето на секој еден од Вас и видното чудење и задоволство кое што се случуваше додека ги збореше еве го прислушувањето на потпретседателот Томислав Стојановски со господинот Димитар Димитров, па еве го Томислав Стојановски со господинот Борис Трајковски итн. Јас тврдам, сега уште сто пати да излезе господинот Бранко Црвенковски на говорницата, не може едноставно нема веќе материјали да обелоденува материјали каде што е прислушувана опозицијата. Сите останати материјали ќе му бидат токму тие, дека се прислушувани поради дејствието да биде поинтересно, сигурно нема ни едно да обелодени како се прислушувани Љупчо Георгиевски и госпоѓата Доста Димовска, но ќе вади и со тоа ќе се убедуваме, е така или не е така.

И конечно, на крај господинот Бранко Црвенковски како ќе го докаже, ако е тоа така нека ни ги покаже, затоа што ние и претходните материјали немавме можност, немавме увид на тие, имавме можност од преку новини. Тоа беше спомнато и пак ќе биде спомнато, претпоставувам дека адресата е максимално грешна, претседателот Борис Трајковски не е таа адреса, туку има тука комисии, Комисија за контрола на државната безбедност и контраразузнавање, таа е комисијата која што после нас ќе ни даде факти дали е тоа веродостојно или не е. Вака, јас не можам да верувам во тоа дека госпоѓата Доста Димовска се потпишала на документ во кој што наредила прислушување на одредени функционери државни односно членови исто така на ВМРО-ДПМНЕ или пак уште помалку дека имала дадено наредба за прислушување на странски дипломати.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Филип Петровски, процедурално.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Господине потпретседател ако сакате овозможете ми да зборувам. Не можам да зборувам, деконцентриран сум, ако сакате смирете ги пратениците.

Господинот Бранко Црвенковски ме спомна, па ќе ја искористам можноста по име и презиме, значи, не е инсинуација или случајно, па јас да си нагаѓам дека сум јас по име и презиме, па 6и сакал ако може после инспиративниот говор да кажам нешто. Господине потпретседател, Ве молам, не можам да зборувам од галама, не може да слушнам што кажувам. Наивноста знае да биде добро оружје, во реторски

настап и јас забележав дека господинот Црвенковски не знае што да прави, односно сакаше да се претстави пред нас како не знае што да прави со материјалите што ги објавува. Јас мислам дека знае што прави, па еве слободен сум да му предложам неколку работи што би требало да ги прави, иако тој знае што прави, поради тоа што поседува имунитет и знае дека не може да биде повикан на одговорност, за тоа што ќе го каже на говорница. Работите се многу прости. Во спротивно, мислам дека ќе ги извадевте материјалите претходно и ќе ни ги дадевте на Комисија, ќе ги дадевте во суд. Мене навистина ме интересира дали се веродостојни, меѓутоа, јас не можам од место да утврдам дека Вие она што ми го покажавте како ливче со потпис на Димовска е веродостојно. Не можам да Ви верувам од говорница. За тоа сакам да ми потврди судот, обвинителството и да го видиме во Комисијата. И, нема зошто, ако е тоа така да не биде повикан на одговорност тој што стои зад тоа што Вие го објавивте. Во спротивно, а мислам дека целата логика оди во таа насока дека Вие правите опструкција на седницата. Таа опструкција навистина не можам да ви ја разберам, затоа што цел месец кукате пред цела македонска јавност дека некој ја одолговлечува седницата, дека не ја свикува, а знаеме зошто, затоа што заседаваше Комисијата и сега кога дојде на расправа ова прашање што Вие го баравте, кога го разговараме постојано, изнесувате материјали и сакате да ја прекинеме седницата.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:** (продолжение)

Јас сега не знам кој ја одолговлекува седницата. Ние или вие. Имаше тука еден предлог цела ноќ да седиме, но не знам дали би успеале сега ако цела ноќ работиме да ја завршиме. Сигурно ќе ни требаат неколку дена и ноќи.

Јас сакам да ве прашам, се надевам дека ќе ми одговорите. Постојано ве прашувам и никој пат не ми одговарате. Зошто материјалите не ги извадите порано, немаше ли да биде толку сензационалистички. Зошто не ми испративте копија од касетата, има дупли текови, се копира касетата, па да ја слушнеме. Зошто не ми ги давате на увид, на нас како на Комисија. Јас не знам што ние работевме. Ние всушност месец дена циркус некој си правевме во Собранието, со Комисијата, затоа што по оваа логика ако вие објавувате на вакво временско растојание по 1 или по 2% вие во наредните 10 години ќе објавувате разговори, од тие што ги имате, 90% и никој пат не ќе можеме да завршиме со работа. Г-дин Китановски така е. Јас не знам на кој друг начин да го толкувам тоа. Зошто не ги извадите сите разговори, дајте ни ги во Комисијата да ги разгледаме и да кажеме завршена е работата. Инаку нема да влегуваме во еден процес кој што нема крај, а нели и вие сакате да се заврши, а претпоставувам и ние сакаме да се заврши, барем јас сакам да се заврши овој случај.

За крај имам две прашање, ако сакате да ми ги одговорите: Прво, до кога ќе ги објавувате селективно разговорите и Второ, лично би ве замолил ако може барем моите разговори да ми ги дадете, да не чекам подолго време, бидејќи вие кажавте дека вие имате многу мои разговори, па ако ништо друго барем јас моите разговори да ги имам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот Петровски за репликата.

Овде на екранот гледам досега се пријавени шест пратеници.

Веројатно сите сте се пријавиле за реплика.

Има збор г-динот Замир Дика.

Ве молам репликите да траат по пет минути за да можеме да дадеме можност на сите пратеници кои се пријавени, да го искористат деловничкиот право.

**ЗАМИР ДИКА:**

Јас како координатор, со мојот колега се согласувам со нивното прво барање да се бара пауза. Мислам дека логично следуваше. Но, не се согласувам со второто барање да се бара пауза, затоа што на пример се знае , по Деловникот координаторот на пратеничката група може да побара пауза и се дава таква пауза. Но, на пример ако јас барам пауза од шест месеци како координатор на пратеничка група, мислам дека е тоа злоупотреба.

Ќе се обидам, се разбира колку ми дозволува времето од пет минути да му реплицирам на г-динот Бранко Црвенковски затоа што беше спомната Демократската партија на Албанците и јас како координатор чувствувам одговорност да реплицирам.

Прво, кога г-динот Црвенковски од едниот џеб ја извади касетата, очекував од вториот џеб да го извади уредот со кој е снимено и тие документи, тие ливчиња што ни ги покажа, кои , според зборовите, навистина тешки аргументи се, но ако се веродостојни. Тоа го кажувам затоа што

имавме пракса во ова Собрание, штапските документи , г-динот Лазар Мојсов, сега да не спомнувам имиња на личности кои не се овде, но тој исто така мавташе со бели ливчиња и се констатираше дека навистина тоа беа бели ливчиња. Значи многу е важно да се види веродостојноста на тие презентирани документи и тешки зборови.

Мислам дека ќе беше многу поконструктивно овие документи да и се дадеа на Комисијата која е надлежна за тоа и да имавме поквалитетни материјали по кои ќе расправавме.

Јас, исто така, во неговиот говор, споменувајќи дека се прислушувани г-динот Арбен Џафери "Факти" , за кои претпоставуваат дека е поврзан со некои партии во власта, или г-динот Томе Стојановски, г-дин Димитров. Јас верувам дека никој кој слуша нема да верува дека г-ѓата Доста Димовска ќе ги слуша баш овие први луѓе. Значи вие сами ја амнестиравте г-ѓа Доста Димовска со овие ваши истражувања, дека ја прислушувате власта.

Што се однесува до вашата констатација дека нема демократија затоа што е констатирано дека велумот на прислушувањето е голем. Во тоа се согласивме сите. Но, тоа не значи дека нема демократија. Ова го кажувам затоа што пред еден месец ние бевме, наша пратеничка група која соработува со пратеничка група од Европарламентот на земјите од југоисточна Европа, имаше претставници од СДСМ, на ист начин и таму беше презентирано прислушувањето. И вие, исто така, рековте дека нема пример на светот власта сама да се прислушува. Јас ќе ве демантирам. Има примери г-дин Црвенковски. Тоа го слушнавме од двајца европарламентарци, г-динот Мајер, германскиот пратеник, кој рече во овие 10 години, сега не се сеќавам пред колку години, во Германија се констатираше дека дури и министерот за внатрешни работи беше прислушуван и беше голема афера. Исто така г-динот Лиси , италијанскиот амбасадор рече , кај нас нон стоп се врши прислушување и има афери. Но, тоа не значи дека нема демократија во една држава ако се врши прислушување. Нема демократија ако власта или органите кои се надлежни, нема да ја вршат работата. Тогаш можеме да констатираме дека нема демократија.

Јас мислам дека , сепак, органите кои се надлежни, си ја вршат својата работа и се надевам дека многу брзо ќе го најдеме виновникот, затоа што од ваша страна беа презентирани многу можни варијанти и кои звучеа многу логично. Еве и јас имам една таква варијанта.

Пред малку слушнав, бидејќи сите сме"шерлохомси"овде,изгледа,
Пред малку слушнав од компетентни луѓе во МВР дека канцеларијата на СДСМ е многу блиску до МВР, таму каде што поминуваат оптичките кабли, каде што се вршат сите разговори и рекоа дека, на пример една логична варијанта, со не толку скапи уреди може да се земат информациите од тие оптички кабли.

(Смеа во салата од страна на пратениците на СДСМ)

И јас се смеев на вашите варијанти, па и вие така.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници, овде од време на време се пријавуваат пратеници, сигурно за реплика. Бројот достигна некаде 9 пратеници. Очигледно не вечерва не ќе можеме, само за репликите да расправаме односно ќе ги сумираме. Затоа предлагам да ја прекинеме седницата и да продолжиме утре во 11 часот.

(Седницата прекина со работа во 20,05 часот).